НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
БИТОЛА

Тел/факс. + + 389 47 233 - 419
Тел/факс. + + 389 47 552 - 418
E-mail: ckbitola@yahoo.com

Бр: 01 – 38 / 1
Датум: 29.01.2024

Предмет: ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА ВО 2023 ГОДИНА

I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Институција
Национална установа Центар за култура – Битола

Адреса
Ул. „Широк сокак“ број: 60, 7000 Битола

Контакт
Телефон: 047 233 419
e-mail: ckbitola@yahoo.com

Директор
Маја Андоновска Илијевски

Основање
НУ Центар за култура – Битола, односно тогашниот Спомен дом на културата Битола е пуштен во употреба на 11 октомври 1980 година.

Темелни поставки
Согласно темелните програмски определби Центарот за култура Битола своите активности ги насочува во повеќе културно – уметнички сфери и дејности од кои што би ги издвоиле: музичко – сценска, ликовно – галериска, театарска, фолклорна, киноприкажувачка, издавачка, како и дејности во областа на посредување во културата.

Просторни капацитети
Центарот за култура Битола располага со универзална голема сала со 847 седишта, мала сала за камерни и други содржини со 107 седишта, две фоајеа за изложби, гардероби и административен простор. Институцијата е

опремена со најсовремена дигитална опрема за 3Д проекции, аудио – визуелна, светлосна и друга техника која овозможува високо квалитетна програмска презентација.

Основни цели

Националната Установа Центар за култура Битола е институција од национален интерес во областа на културата и уметноста чии што основни цели се:

- да иницира, продуцира и афирмира високо квалитетни содржини од сите сфери на културата и уметноста,
- да мотивира, помага, афирмира и да овозможи творечко надоградување на уметници, творци од Битола, регионот и државата со што создава услови за планиран и непрекинат развој на културата и уметноста,
- да овозможи размена на културни вредности преку следење на светските културни текови, познати светски уметници и ансамбли и нивно организирано гостување во Битола, со тенденција за реализирање на културно уметничките потреби на широкиот аудиториум, односно поединецот како конзумент, поттикнувајќи го да биде не само посматрач на културните вредности туку и творец и аниматор на културата,
- да овозможи отвореност на своите сценски простори за речиси сите свечени одбележувања и академии посветени на значајни поводи и настани од нашето културно историско минато и од сегашноста, за значајни музички активности и манифестации, концерти на забавна, традиционална музика, театарски претстави, концерти на музичко сценски ансамбли од различни жанрови, вокално инструментални групи како и нови творечки иницијативи.
- да изгради кадровска структура со искуство, да овозможи техничка опременост, да воспоставува соработка со творци, уметници, креатори на културата и институции, со што ќе овозможи реализирање на тенденцијата за сопствен институционален развој во современ мултимедијален, мултинаменски центар за креирање и презентирање на културни вредности.

Продуцент на програма

Од многубројните фестивали и манифестации кои ги организира и продуцира Центарот за култура – Битола со подршка на Министерството за култура на Република Македонија, со своето реноме и високите уметнички дострели се издвојуваат :

- Интернационален фестивал на монодрама,
- Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола,

- Фестивал на музика од светот,
- Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“,
- Интернационален Етнографски Филмски Фестивал
- Семинар за традиционална музика и игра,
- Детска ликовна работилница,
- учеството во организацијата и техничката реализација на Интернационалниот фестивал на филмскакамера „Браќа Манаќи“.
- техничка и просторна подршка при реализација на Фестивалот на класична музика „Интерфест“ Битола

II. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Националната Установа Центар за култура – Битола е формирана во 1980 година.Во текот на повеќе деценискатa работа и активност, иницира, продуцира и афирмира високо квалитетни содржини од сите сфери на културата и уметноста.

Секоја година Центарот за култура – Битола настојува да ги реализира проектите и програмите кои имаат долгогодишна традиција но и да продуцира нови содржини кои се одраз на модерните светски културни текови.

Годишната програма за работа, НУ Центар за култура - Битола, е планирана и насоченакон реализација голем број на во проекти, концерти и манифестации во областа на музичко – сценската, драмската, визуелните дејности архитектурата и дизајнот како и кино – прикажувачката и другите дејности.

Со цел да се има увид во реализираните активности во 2023 година, активностите се прикажани систематизирано во следните делови:

- Манифестации, фестивали, концерти и проекти од музичко – сценската, драмската, фолклорната дејност и визуелните уметности архитектурата и дизајнот во продукција на НУ Центарот за култура – Битола.
- Киноприкажувачка и филмска дејност.
- Манифестации и проекти во организација на други субјекти, поединци, здруженија и институции во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

III. МАНИФЕСТАЦИИ, ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ И ПРОЕКТИ ОД МУЗИЧКО – СЦЕНСКАТА, ДРАМСКАТА, ФОЛКЛОРНАТА ДЕЈНОСТ И ВИЗУЕЛНИТЕ УМЕТНОСТИ АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН ВО ПРОДУКЦИЈА НА НУ ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА - БИТОЛА

1. Концерт на Камерниот оркестар на Битола „Засекогаш во срцата“
- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **24 и 25 февруари 2023 година, 20 часот**

„Засекогаш во срцата“ 2023 е музички проект поддржан од Министерство за култура на РСМ во програмата од национален интерес во културата за 2023 година. Тој е во организација на НУ Центар за култура – Битола и Камерниот оркестар Битола – IW CONNECT во чест на големиот великан на македонската музика и позната музичка ѕвезада на Балканот, Тоше Проески. Концертот се организира петти пат по ред и веќе преминува во традиција, со една цел, Тоше секогаш да остане да живее во нас преку песните. Оваа година покрај на Тоше, концертот беше посветен и на битолчанецот Пепи Бафтировски, вокален интерпретатор и музичка легенда кој остави зад себе лепеза од музички хитови кои ќе останат во вечноста.Песните на двата музички великани се нај слушани, како меѓу повозрасната публика така и меѓу младите, па слободно може да се каже дека тоа се незаборавни македонски евергрини.

Оваа година песните од Тоше и Пепи ги изведуваа познати македонски пејачи: Виклорија Лоба, Ламбе Алабакоски, Димитар Андоновски, Александра Јанева, Бојан Стојков, Сефедин Бајрамов, Сара Гигова, Марија Митровска, Марија Цветановска, како и познатиот црногорски пејач Бојан Маровиќ. Мелодиите од песните ги изведуваа членовите на Камерен оркестар – Битола, под диригентска палка на Владимир Димовски. Поради големиот интерес и побарувачка на карти, концертот со иста програма се реализира два дена, на 24 и 25 февруари 2023 година со почеток во 20 часот, во Големата сала на НУ Центар за култура – Битола.

Пред реализацијата на концертот „Засекогаш во срцата“ 2023, на 23.02 (четврток), со почеток во 11 часот, беше организирана прес конференција на која директорот на НУ Центар за култура – Битола Маја Андоновска Илијевски, за новинарите и фотографите кои беа присутни го најави почетокот на оваа година со реализацијата на овој коцерт, најавувајќи ги учесниците. Исто така таа упати благодарност до Општина Битола за поддршката во дел од годишната програма за култура на нашата институција. Беа најавени проектите и сумите за истите, поддржани од Министерство за култура на РСМ содржани во нацрт-годишната програма за работа на НУ Центар за култура од Битола за 2023 година и тоа од областа на драмска дејност, Музичка и музичко-сценска, од областа на

фолклорот, визуелни уметности, архитектура и дизајн и инвестиции. Воедно беше искажана и огромна благодарност до Министерството за култура на РСМ и министерката за култура, комисиите од различните дејности кои ги оценуваа проектите и ја препознаа работата на НУЦК - Битола и заложбите да се остане водечки Центар за култура и оваа година, со зголемен буџет и поткрепа да се започне со уште поголем квалитет на фестивалите кои се дел од УНЕСКО.

За концертот „Засекогаш во срцата“ 2023, директорот на НУ Центар за култура – Битола на својот Фејсбук профил напиша: *Во преполната сала на Центарот за култура Битола синоќа се одржа првиот од двата концерти насловени како ,,Засекогаш во срцата ".Рефрените на Тоше Проески и Пепи Бафтировски беа оживеани од гласовите на 9 изведувачи : Бојан Маровиќ, Викторија Лоба, Ламбе Алабаковски, Димитар Андоновски, Бојан Стојков, Сефедин Бајрамов, Александра Јанева, Сара Гигова и Марија Цветановска и Камерниот оркестар на Битола, под диригентската палка на Владимир Димовски. Една убава и емотивна вечер со која ја започнавме реализацијата на годишната програма за 2023 година поддржана од Министерството за култура и општина Битола . Ден 2... салата преполна, аплаузот силен, емоциите незапирливи. А јас ја почитувам и поддржувам македонската музичка сцена, со особен акцент на битолчани. Нашиот град е колевка и расадник на уметници.На сите музичари кои викендов ја исполнија големата сцена на Центарот за култура Битола, им благодарам за емоциите и им симнувам капа.*

1680 луѓе ги проследија концертите. Тоа е бројка, која ни го зацврстува епитетот водечки Центар за култура и заедно пишуваме една приказна, која ќе се прераскажува...

На 24 и 25.02.2023 година во Големата сала на НУ Центар за култура – Битола, со почеток во 20:00 часот беше одржан традиционално по петти пат музичкиот концерт „Засекогаш во срцата“ 2023, кој и оваа година е поддржан од Министерството за култура на РСМ. Оваа година концертот се изведуваше во чест на двата великани на забавната македонска музика *Тоше Проески и Пепи Бафтировски,* при што учесниците и двата дена ги изведуваа истите музички хитови по ист редослед.

На концертот учествуваше Камерниот оркестар на Битола– IW CONNECT, под диригентска палка на познатиот музичар и диригент Владимир Димовски. Соло изведувачи на познатите хитови беа: Викторија Лоба, Ламбе Алабакоски, Димитар Андоновски, Александра Јанева, Бојан Стојков, Сефедин Бајрамов, Сара Гигова, Марија Митровска, Марија Цветановска, како и познатиот црногорски пејач Бојан Маровиќ.

За сценографијата на концертот се погрижи сценографот Валентин Светозарев и сценските работници Веле Вељановски и Аднан Алитовски. Светло

мајстор беше Николче Ѓеоргиевски вработен во НУ Центар за култура Битола. Фотограф на настанот беше Диоген Хаџи-Коста Милевски.

Во времетраење од час и половина од страна на учесниците беа изведени следните хитови:

1. „Битола моја“ – Бојан Стојков
2. „Мајко, една си на светот“ – Бојан Стојков
3. „Сине мој“ – Димитар Андоновски
4. „Ако згрешам“ – Сефедин Бајрамов
5. „Заветна“ – Сефедин Бајрамов
6. „Ијлада и двеста милји“ – Викторија Лоба и Ламбе Алабаковски
7. „Цреша“ – Марија Цветановска
8. „Сонце во твоите руси коси“ – Сара Гигова
9. „Полско цвеќе“ – Сара Гигова
10. „Боже чувај ја од зло“ – Александра Јанева
11. „The hardest thing“ – Бојан Стојков
12. „Све је ово премало за крај“ - Викторија Лоба
13. „Среќна ли си ти“ – Викторија Лоба
14. „Остала си увјек иста“ – Ламбе Алабаковски
15. „По тебе“ – Димитар Андоновски
16. „Још увјек сањам да смо заједно“ – Бојан Маровиќ
17. „Тајно моја“ – Бојан Маровиќ
18. „Срце није камен“ – Александра Јанева
19. „Ледена“ – сите заедно

За прием на гостите и сместување се погрижи хост-тимот составен од: Горан Тренчевски, Симеон Илиевски, Зорица Трповска, Стефанија Стојчевска, како и млади волонтери кои исто така и го следеа настанот. Билетопродавачи беа: Марија Поповска и Дијана Бешлиќ.

Претставник за однос со јавноста, подготовка и реализација на прес конференции, подготовка и доставување на информации за медиумите, социјалните мрежи, јавноста, беше Љубица Ангелкова.

Најава пред почетокот на концертот, како и благодарност за големото уживање, испрати директорот на НУЦК – Битола, Маја Андоновска Илијевски.

За реализацијата на концертот се испечатија 1.800 карти и 80 плакати, чија компјутерска подготовка ја направи Никола Трајковски, а ги печатеше печатница „Графопром“ – Битола.

Уредници за концертот беа: м-р Валентин Соклевски и м-р Љупка Стефановска.

Концертот се одржа со времетраење од околу 120 минути, а истиот го следеа вкупно 1.680 посетители, што значи по 840 посетители на вечер. На крајот од концертот, сите учесници беа наградени со стоечки овации од страна на публиката и солистите со букети цвеќе од НУ Центар за култура – Битола.

2. МУЗИЧКО – ПОЕТСКА ВЕЧЕР СО ИВАН БОСИЉЧИЌ „НАША ВЕЧЕР“

- НУ Центар за култура – Битола, голема сала

- 3 март 2023 година, 20 часот

Во рамките на Музичко – поетската вечер под наслов „Наша вечер“ актерот Иван Босиљчиќ приреди прекрасно уметничко доживување кое ја воодушеви многубројната публика која ја исполни салата до последно место.

Низ прекрасниот спој на поезијата и музиката, во маестрална музичка придружба на композиторот Горан Ковачиќ на гитара, Марко Калабиќ на тапани и на Зоран Стојановиќ, Босиљчиќ ја поведе публиката на емоционално патување низ стиховите на Есенин, Бодлер, Алекса Шантиќ, Милан Ракиќ, Константин Симонов, но и на Анте Поповски изведени на македонски јазик.

Изведбите на: „Оно што све знаш о мени“,„Поезија“,„Очи чрње“, „(Otschi Kornia)“, „На дан њеног венчања“, „Душо моја“, „Жуте дуње“, „Да су ме украли цигани“, „Шутка и топана“, „Gipsy song“, „То је била љубав“, „Соло“, „Un Amor“, „Циганочка“, „Nane Coha“, „Не куниме не ружи ме мајко“, „И сад ме по теби познају“, „Пукни зоро“, „Тајно Моја“, „Djelem Djelem“, „Cigani Ljubit Pjesnji“, „Odjila“, „Ако одам во Битола“, беа пропратени со френетични аплаузи и воодушевување.

Музичко – поетската вечер ја проследија околку 850 посетители.

3. ИЗЛОЖБА „БИТОЛСКИТЕ ЕВРЕИ – БОРЦИ ПРОТИВ ФАШИЗМОТ ЗА СЛОБОДА ОД НОАВМ 1941 – 1945“

По повод 80 години од депортацијата на нашите сограѓани, да се потсетиме и да не ги заборавиме на битолските евреи, учесници во НОАВМ 1941-1945

- НУ Центар за култура – Битола, фоаје

- од 10- до 20 март 2023 година

Изложбата под наслов „Битолски евреи – борци против фашизмот за слобода од НОАВМ 1941 – 1945“, се реализира во периодот од 10.03 до 20.03.2023 година. Отворањето на изложбата беше во Фоајето на влезот на НУ Центар за култура Битола, на ден 10.03.2023 година (петок), со почеток во 18.00 часот.

За самата изложба по овој повод беа изложени 40 фотографии кои се во сопственост на Сојузот на борците од НОАВМ, во Битола, во соработка со Историскиот архив на Македонија, подружница Битола. Изборот на фотографиите го направија стручни лица задолжени за тој дел, а потоа истите беа отпечатени на тврд материјал и изложени на штафелаи.

Исто така за изложбата беа консултирани автори кои имаат оставено податлив пишан материјал како за НОАВМ, така и за хероите евреи кои учествувале и дале придонес и ги положиле своите животи за слободата. Авторите дадоа придонес со дел од своите текстови од издадените дела.

Во рамките на свеченото отворање зедоа збор: проф. Александар Стерјовски и претседателот на сојузот на борците од НОАВМ, г-нот Стефан Бошков, кој и свечено ја отвори изложбата.

Во својот говор, Професорот Стерјовски, како жив сведок на настаните, се наврати на сеќавања од 11 март 1943 година. Раскажуваше за начинот на живот на евреите за време на Втората Светска војна како и тоа на кој начин тие биле третирани како луѓе. Посебен осврт даде кон своето другарче со кое заедно учеле во ОУ „Св.Кирил и Методиј"-Битола. Тешкиот живот за време на војната придонел евреите да имаат исклучително лоши услови и скратени социјални и економски права. Имале ограничено право на движење само во одреден период од денот. Професорот раскажа и за последниот поздрав со своето другарче кое никогаш повеќе не го виде затоа што беше испратено во логорите на смртта.

Во рамките на своето обраќање, претседателот на здружението на борците за НОАВМ од Битола, Стефан Бошков, рече:

„Денес, со оваа изложба на 80 годишнината од депортацијата на нашите сограѓани евреи, сакаме да се потсетиме и да им оддадеме почит на 37 битолчани- евреи, учесници во НОАВМ 1941-1945 год, од кои 13 ги положија своите животи за слободата на нашата земја.... Уште за време на Кралевина Југославија напредните евреи меѓу кои се истакнува Рафаел Жозеф Батино (роден во Битола 1918) се истакнале како борци за ослободување и социјална правда. Заради својата политичка активност Батино уште 1940 година бил уапсен и затворен во казнениот завод во Сремска Митровица. Како едуциран млад човек, Батино пишувал македонска граматика, го преведувал Марксовиот Капитал и држел предавања. По окупацијата на Србија, заради опасноста од стрелање на политичките затвореници, овие битолчани учествувале во копањето на подземен тунел, низ кој избегале заедно со други затвореници. Заминале на Фрушка Гора, од таму на слободна територија кај Ужице, а Батино во Санџак затоа што бил назначен за секретар на КП на овај регион. Во една акција бил фатен од четниците и стрелан од италијаните. Тој е првата жртва во НОАВМ, евреин од Битола. Во 1942 год, иако не била најавена депортацијата, многу млади евреи излегле во партизани. Така уште во Јули 1942 во НО „ДамјанГруев" се приклучиле Виктор Мешуљам Бустрик и Пепо Песо Цане.... Во септември 1942 година во составот на НО „Јане Сандански" евреи партизани биле: Бено Русо-Коки, Нисим Алба-Мики, Нахмијас Мордо-Лазо, Мордо Тодолано- Спиро, Арон Ароести. Подоцна кон партизанските одреди се приклучиле и Алберт Русо-Коте, Аберт Касорла, Соломон и Самуел Садикарио и др..... На 9ти април 1943 година за да ја избегнат депортацијата во просторија зад продавницата за тутун на Благој Силјановски се скриле Естреја Овадија-Мара, Жамила Колономос-Цвета, Адела Фараџи, Естела Леви-Лена и Роза Камхи. Таму го дочекале денот на депортацијата, слушајќи го

топотот на фашистичките бугарски чизми, не знаејќи што се случува. Дваесет и неколку денови имале само скромен оброк, малку вода за пиење за да нивните другари, околу 20ти април, нивните другари организираат илегално заминување во одредот „Дамјан Груев" кој се наоѓал кај с. Буф.... Ова се биографии само на неколку борци, евреи, наши сограѓани чии слики ќе ги видите на изложбата. На сите борци-евреи им изразуваме благодарност, нека им е вечна слава. На крајот: Изложбата е конципирана во четири дела: првиот, фотографии од борци, вториот, партизански единици во кои учествувале евреите, третиот, споменици на загинати евреи и четвртиот, гробови на Естреја, Батино, Мордо и Исак Сарафати на партизанските гробишта."

Изложбата беше отворена 10 дена и тоа од 10.03 до 20.03.2023 година. На денот на отворањето присуствуваа околу 50 лица, додека пак во целиот период на изложеност на делата, ги посетија околу 1000 посетители.

4. 24-ти ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФЕСТИВАЛ НА МОНОДРАМА – БИТОЛА
- НУ Центар за култура – Битола
- од 12 до 20 мај 2023 година

НУ Центар за култура - Битола од 12-ти до 20-ви Мај 2023 година го реализира 24-от по ред на Интернационален фестивал на монодрама – Битола 2023. Фестивалот, кој е единствен од овој театарски жанр, е дваесетина години член на Светската Асоцијација на монофестивали „ONE MAN SHOW", при ИТИ на УНЕСКО.

Финансиран од Министерството за култура на РС Македонија, со финансиска поддршка на Општина Битола како и со помош од неколку фирми од Битола, на што сме особено благодарни затоа што го препознаа значењето на овој единствен фестивал од овој вид во нашата република, Центарот за култура – Битола ги реализира шесте фестивалски вечери кои поминаа во беспрекорен ред.

Мотото на овогодинешниот фестивал беше ДА СЕ БИДЕ, сакајќи да се биде глас против молкот, да се биде светло на слепилото,да се биде разум против неразумноста,да се биде денес, да се биде утре.....

Во Фестивалската програма беа поместени монодрами од повеќе земји: Хрватска, Израел,Србија, Монголија, Италија, Шпанија,Естонија, Косово, Црна Гора како и три монодрамски остварувања од Македонија. Селекторот на фестивалот, г-нот Петар Мирчевски (доајенот на македонското глумиште), имаше тешка задача од повеќе пријавени претстави да ги одбере најдобрите.

Претставите се играа на сцените на Центарот за култура и на сцените на Народниот театар.

На Свеченото отворање се обрати директорката на НУ Центар за култура - Битола, а воедно и на Фестивалот, г-ѓа Маја Андоновска Илијевски, која ги поздрави гостите и многубројната публика

На самото отворање се изведе претставата „Жени во Собрание“, во режија на Кендрим Ријани, а во продукција на театар Комедија од Скопје

Вториот ден на програмата во конкуренција, со почеток од 19,30 ч, ја започна познатиот црногорски актер Славко Калезиќ во претставата „ХРАНА ЗА ДУША“,на нему својствен начин го поврза животот на една жена ,која се бори со предрасудите и осудата на општеството.Текстот го напиша Жана Полиаков арежијата ја потпишува самиот актер Славко Калезиќ.

Во терминот од 21,30ч се претстави младиот македонски актер Кристијан Танчевски со претставата „КОГА ЦВЕТАА ТИКВИТЕ“ од Драгослав Михајловиќ,стручен консултант Љупчо Ѓоргиевски, а актер и режија Кристијан Танчевски.

Исто така, сметаме дека е потребно да нагласиме дека во рамките на OFF програмата на Фестивалот се реализира едно прекрасно гостување на двајцата професионални пантомимичари Дарко Вељиќ и Мето Јанакиевски од Скопје, кој секојдневно имаа свои презентации пред битолската публика низ Широк Сокак, со своите живи изведби и креации. Тие одржаа и две театарски работилници – првата беше на тема „Игра низ пантомима“, а втората на тема „Сценски борби и акробатика“, на кои зедоа учество многу млади од повеќе актерски школи.

Во кафе барот „Јагода“, кој беше официјален кафе бар на Фестивалот, секојдневно имаше учество на познати ди-џеи од целата земја ,како и од Битола, со што се овозможи квалитетно дружење , како на гостите , така и на бројната публика.

Третиот ден, 14 мај 2023, беше резервиран за две монодрамски остварувања и тоа –во 19,30ч претставата „ БЕГАЛЕЦОТ“, од Р.А.А.А.М.,автор Јан Каплински,режија Мадис Калмет, а актерот Кристо Вијдинг на бравурозен начин ја донесе улогата на убиец кој бега пред лицето на правдата.

Во терминот од 21,30ч, пред преполнетата сала на Нова Сцена, беше одиграна монодрамата „АРКА“ чиј комплетен автор е актерот од Косово, Ментор Зумберај, кој , преку улогата на циркузант, го раскажува својот тажен живот.

На 15 мај 2023 година, во терминот од 19:30, на Големата сцена, гостуваше МНТ со претставата „ТОРОНТО ЕКСПРЕС “, во изведба на Александар Микиќ, кој , на еден хумористичен, напнат и саркастичен начин, на задоволство од многубројната публика, го претстави нашиот човек ,кога ќе замине во странство и кога ќе се навикнува на друг систем.

Во вечерниот термин од 21:30 ч. на Нова Сцена, повторно пред преполна сала, својот актерски миг го имаше македонската актерка Ангела Стојановска, со претставата „СРАМ“, авторски проект на истата, но како креативни соработници потпишани Милош Б. Андреевски, режисер и Ева Камчевска драматург. Актерката низ хумор и интерактивна игра го прикажа својот живот.

Петтиот фестивалски ден беше резервиран за прекрасната монодрама – . „СВИРЕЖ-МАЈКА МИ БЕШЕ СЕКРЕТАРКА НА МЕНГЕЛЕ“ од Камери Театар од Тел Авив, Израел.Текстот,премногу реалистичен, е авторски на писателот ЈАКОБ Бучан, а актерката Хадар Галрон прекрасно го прикажа животот на новите генерации на Евреите, после холокаустот. По изведбата, беше присутен и авторот и актерката и режисерката, со кој се оствари еден интерактивен разговор со авторите на претставата и бројната публика.

На 17 мај 2023, од 19:30ч на Сцената на Народниот театар се претстави народниот театар на Тимочка Карина „Зоран Радмиловиќ“ од Заечар, Србија, со претставата „ЧУЧУК СТАНА- СРБИНКА ИЛИ ГРКИНКА“,чиј автор и режисер е Жељко Хубач, а актерското остварување на народната хероина го донесе актерката Наташа Петровиќ.

Во истиот ден на фестивалот, во терминот од 21:30ч. беше изведена претставата „KOJ СУМ JAC“ со гостувањето на Центарот за монодрамаУлан Батор, Монголија. Автор и режисер на претставата е Б. Батделгер, а изведбата на маестрален и бравурозен начин ја донесе младата актерка Јанјиндулам Рагкасурен.

Шестиот ден на фестивалот, во терминот од од 19:30ч Мана Чума театарот од Калабрија, Италија, ја изведе пртставата „КАКО МАЛО ЗРНО ПЕСОК“ на која потписници како автори и режисери се Масимо Барила и Салваторе Арена, а играше Салваторе Арена, кој на многу природен начин ја донесе судбината на еден човек ,кој е неправедно осуден и кој поминал во затвор 30 години, но сепак му простува на системот и на светот.

Во терминот од 21:30ч беше прекрасната актерка на Абрего Театар од Кантабрија, Шпанија-Мариа Видал, која низ сценска игра ги претстави стиховите на Ф.Г. Лорка,во претставата „КРВАВА СВАДБА“,во режија на Пати Доменек.

Во петокот, на 19 мај 2023 год, во терминот од 19:30 се прикажа последната претстава во конкуренција –тоа беше претставата „МИСТЕРО БУФО“ од Дарио Фо, во режија на Ли Делонг, а маестрално, како часовник точно и прецизно, со голема доза на комични и сатирични елементи, пред полната сала,ја донесе актерот од Хрватска-Дражен Шивак.

Последната претстава од Литванија се откажа пред два дена на почетокот на фестивалот,заради повреда на актерот.

Така заврши натпреварувачкиот дел на 24-тото издание на Интернационалниот Фестивал на Монодрама , Битола, 2023.

Оваа година жирито беше во состав –Нина Мазур, театарски критичар од Германија и потпретседател на Асоцијацијата на монофестивали „ONE MAN SHOW“ , при ИТИ на УНЕСКО, актерот и режисер Николај Урумов од Бугарија и македонскиот познат актер Сашко Коцев.

ГРАН ПРИ за најдобра претстава се додели на претставата од Монголија „KOJ СУМ JAC“, што наиде на општо одобрување и воодушевување во полната Сала на Народниот Театар од Битола,а која се состои од 500 евра и статуетка со заштитниот знак на фестивалот

Награда за најдобар актер ја доби италијанецот Салваторе Арена за изведбата во претставата „КАКО МАЛО ЗРНО ПЕСОК“, која се состои од статуетка за најдобар актер и наградата за најдобар режисер, исто во вид на статуетка ја доби Пати Доменек од Шпанија, за претставата „КРВАВА СВАДБА“.

Исто така, од страна на Градоначалникот на Општина Битола беше доделена Наградата од публиката, која и оваа година се организираше на посебен начин, така што публиката, после секоја претстава со своите влезници, гласаше во посебни кутии. Истата се состои од плакета со грбот на Општина Битола и ја доби маестралниот Салваторе Арена за претставата „КАКО МАЛО ЗРНО ПЕСОК“.

Во рамките на свеченото затварање, а во чест на гостите и на наградените гостуваше Театар Ј.Х.Џинот, од Велес со изведба на прекрасната претстава „НЕМА СТРУЈА НА ЕЛЕКТРИЧНИОТ СТОЛ“,автор Александар Секулов, драматург Сашо Димовски, музика Сашко Костов,режија Дејан Пројковски.Настапија бравурозниот актер Васил Зафирчев и неговиот колега Исидор Јованоски.

Така, на прекрасен начин беше заокружено и затворено извонредното издание на 24-от Интернационален Фестивал на монодрама, Битола 2023 година кое заедно со придружните манифестации го посетија преку 3.000 посетители..

5. 48-ма ДРЖАВНА ИЗЛОЖБА НА ДЕТСКИ ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА ТЕМА „НАРОДНАТА КУЛТУРА КАКО ТРАЈНА ИНСПИРАЦИЈА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО“

- **Фоаје на НУ Центар за култура – Битола**
- **23 мај до 20 јуни 2023 година**

„Ако го оставиме светот на децата, тој ќе биде едно прекрасно магично место. Ако не ми верувате, дајте му задача на секое едно дете да твори, да слика, да бои, да црта, одврзете му ја детската фантазија, а потоа внимателно загледајте се во светот кој ни го претставиле.

Таму се сокриени сите вистини на човештвото.

Секое дете може светот да го обои единствено во боите на љубовта.

Оваа детска ликовна изложба ми е посебно драга, затоа што деца од цела земја испраќаат свои мини светови погледнати низ призмата на детското око и срце, а кога темата е традиција, толку повеќе тоа дело и тежи.

Петстотини дваесет и седум дела, педесет и две колекции, петстотини четириесет и седум деца и преку сто ментори, влегуваат во историјата на 48-то издание на Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“.

Нека ни е за многу години.“

Маја Андоновска Илијевски
Директор на НУ Центар за култура – Битола

„Истражување, инспирација, творештво, континуитет...

Ткаенина, вез, носија, накит, дрворез, бакрорез, мозаик, објект, пенџер, врата, ограда, нива, поле, цвет, инструмент, оро, песна, легенда, обичај, занает, фотографии...

Култура, традиција, минато, иднина...

Со цел да се инспирираат младите генерации за творечки континуитет во областа на материјалното па и духовното народно културно наследство во 1975 година е воспоставена Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“.

Низ текот на деценииите изложбата, која оваа година го има своето 48-мо издание и е најстара од овој вид во нашата држава па и пошироко, секоја година ја остварува својата мисија и покажува дека зададената тема поседува универзални и уникатни вредности кои со текот на времето добиваат нова свежина и потенцијал.

Големиот број деца, ликовни педагози, ментори, наставници, кои со голем ентузијазам и оваа година му се посветија на творечкиот континуитет на народната култура овозможија да се испрати нова инспиративна порака од минатото за иднината.

Преку истражување и инспирација до творештво и континуитет.

48-ма Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“.

м-р Валентин Соклевски

48-то издание на Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ која е воспоставена во 1975 година и оваа година ги потврди вредностите кои се втемелени во неа и овозможи континуитет на инспирацијата од народната култура.

Реализирајќи ги целокупните потребни активности од есента 2022 година па се до мај 2023 година, во согласност со потврдените оперативни планови и програми, на зададената тема се ангажираа голем број деца – творци заедно со нивните ментори и ликовни педагози од основните училишта ширум нашата држава.

Чекорејќи низ бесценетитот мозаик на материјалното и духовното културно наследство, низ калеидоскопот на универзалните но и уникатни вредности, креативните детски срца изработија детски творби кои ја имаат свежината на денешнината и патината на напластените вековни културни вредности.

Најстарата изложба од овој вид во нашата држава па и пошироко, своето Свечено отворање го имаше на 23 мај 2023 година со почеток во 12 часот на платото и во фоајето на НУ Центар за култура – Битола.

Во рамките на официјалниот чин свои пригодни говори одржаа Маја Андоновска Илијевски, Директорот на НУ Центар за култура – Битола и Габриела Илиевска Претседавач на Советот на Општина Битола.

Притоа Маја Андоновска Илијевски, Директорот на НУ Центар за култура – Битола истакна:

„Во Центарот за култура се случуваат големи работи кои оставаат голем печат во нашиот град, а една од најзначајните манифестации е токму оваа каде што деца од целата република ни доаѓаат за заедно да ги прославиме и наградиме најмалите уметници. Што би бил Центарот за култура во Битола ако нема идни уметници. Ако го оставиме светот на децата тој ќе биде едно прекрасно магично место, а ако не ми верувате дајтему задача на секое едно дете да твори, да слика, да бои да црта. Оваа детска ликовна изложба ми е посебно драга, затоа што деца од цела земја испраќаат свои мини светови погледнати низ призмата на детското око и срце, а кога темата е традиција, толку повеќе тоа дело и тежи. 547 ученици од разни македонски училишта кои изработија 527 дела и 52 колеции и преку 100 ментори се дел од изложбата."

Прогласувајќи ја изложбата за отворена Габриела Илиевска, Претседавач на Советот на Општина Битола рече:

„Таму каде што има деца таму има радост, а мене ми претставува огромно задоволство што денес сум тука по втор пат и што оваа изложба е традиција во Битола и со тоа нашиор град е побогат. Можеме да кажеме дека имаме богатство создадено од рацете на децата."

Во рамките на свеченото отворање, Маја Андоновска Илијевска во името на НУ Центар за култура – Битола додели Признание – плакета на:Панде Петровски за особен придонес во развојот на Државната изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво" Битола.

Во согласност со Пропозициите, Жири комисијата во состав: Панде Петровски – ликовен педагог, Весна Дунимагловска – ликовен педагог, Анкица Стевановска – професор по класично сликарство, доделени соодветни награди и признанија и тоа:

Жири комисијата додели рамноправни награди за најдобри колекции на следните основни училишта и нивните ликовни педагози

1. ОУ „Св.Кирил и Методиј" Кочани л.п. Марија Мицова Гацова
2. ООУ „Дервиш Цара" с.Палчиште, Општина Боговиње л.п. Мирјета Халили
3. ООУ „Коста Рацин" с.Брвеница, Општина Брвеница л.п. Лина Тренкоска
4 ООУ „Браќа Миладиновци" Куманово л.п. Марија Ц. Мартиновска
5. ООУ „Димче А. Габерот" Демир Капија л.п. Валентина Вучиниќ
6. ООУ „Гоце Делчев" Кавадарци л.п. Ристо Јосифовски
7. ООУ „Никола Карев" Крушево л.п. Емил Солески

Жири комисијата додели поединечни награди за најуспешни ликовни творби на следните ученици

1. Мила Ѓорѓиева VIII-Б одд. Вероника Иваноска VIII-Б одд. Марија Тасева VIII-Б одд. Моника Трендафилова VIII-Б одд. ООУ „Димката А. Габерот“ Кавадарци
2. Анеса Усеини VIII-6 одд. ООУ „Гоце Делчев“ Битола
3. Јана Ефремовска V-1 одд. ООУ „Санде Штерјоски“ Кичево
4. Јана Станкова VII-3 одд. ООУ „Раде Кратовче“ Кочани
5. Ивана Влкановска VII-6 одд. ООУ „Тодор Ангелевски“ с. Горно Оризари, Битола
6. Миа Несторова IX-1 одд. ООУ „Васил Главинов“ Велес
7. Димитар Стерјоски VIII-А одд. ООУ „Мите Богоевски“ Ресен
8. Кристина Иванова VIII-А одд. ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино
9. Ангела Петровска V-В одд. ООУ „Даме Груев“ Битола
10. Александар Неделковски VII одд. ООУ „Никола Карев“ Крушево
11. Ема Илиовска V-Б одд. ООУ „Гоце Делчев“ Прилеп
12. Елена Палиниќ VIII одд. ООУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија
13. Бојан Шундовски VII-В ООУ „Даме Груев“ Битола
14. Евгенија Атанасовска VIII-3 одд. ООУ „Браќа Миладиновци“ Куманово
15. Славјан Митановски III-2 одд. ООУ „Кочо Рацин“ Охрид
16. Мартина Коруноска VII-Б одд. ООУ „Елпида Караманди“ Битола
17. Дамјан Терзиоски VII-Б одд. ООУ „Коле Неделковски“ Скопје
18. Марија Тасеска V-1 одд. ООУ „Кочо Рацин“ Охрид
19. Јована Ангеловска 10 год. Образовен Центар „Виртуал-М“ Куманово
20. Сара Лозановска IX-Б ООУ „Трифун Пановски“ Битола
21. Теодора Манчева VIII-1 одд. ООУ „Владо Кантарџиев“ Гевгелија
22. Викторија Ристиќ VIII одд. ООУ „Гоце Делчев“ Неготино
23. Ева Радеска IX-1 одд. ООУ „Коста Рацин“ с.Брвеница, Општина Брвеница 6
24. Софија Филиповска 12 год. ООУ „Коле Канински“ Битола
25. Џенеса Алими VII-4 одд. ООУ „Наим Фрашери“ Тетово
26. Амина Куртиши VII-2 ООУ „Дервиш Цара“ с.Палчиште, Општина Боговиње
27. Каја Наумовска V-В одд. ООУ „Даме Груев“ Битола
28. Лина Спасова VI-4 одд. ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Кочани
29. Андреа Станчевска VIII-3 одд. Школа за уметност „Адамс-Арт“ Битола
30. Бојана Манева VI одд. ООУ „Гоце Делчев“ Кавадарци
31. Филип Настовски VIII-3 одд. ООУ „Христо Узунов“ Охрид
32. Ева Нечовска VIII-Б одд. ООУ „Даме Груев“ Битола
33. Елена Костова IX одд. ОУ „Димче А. Габерот“ Демир Капија

Во рамките на изложбата беа изложени 527 детски творби од 52 основно училиште од РС Македонија. Изложбата беше отворена за посета во периодот од 23 мај до 20 јуни 2023 година. Изложбата ја посетија преку 2.500 посетители. За потребите на изложбата напечатен е соодветен *Каталог* со податоци за учесниците и нивните ликовни педагози и ментори.

Во рамките на активностите поврзани со изложбата НУ Центар за култура – Битола издаде *Боенка „Народната култура – трајна инспирација“* во која се поместени дел од наградените детски творби од овогодишната изложба.

Реализирајќи ја својата мисија и цели, продолжувајќи го својот континуитет, Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“ Битола, преку своето 48 издание го трасира патот на младите творци преку истражување на богатата народна култура да дојдат до инспирација за создавање на нови дела со корените во минатото а со цветовите во иднината.

6. ДЕТСКА БАЛЕТСКА ПРЕТСТАВА „ПЕПЕЛАШКА“

Гостување на балетот на НУ Национална Опера и Балет - Скопје

- НУ Центар за култура – Битола, голема сала

- 07 јуни 2023 година, 20 часот

Балетската претстава „Пепелашка“, во изведба на уметниците од Националната Опера и Балет – Скопје, во соработка со НУ Центар за култура – Битола, е проект поддржан од Министерството за култура за 2023 година, во програмата од национален интерес во областа на музичката и музичко-сценската дејност.

Целата оваа приказна на интересен бајковиден балетско-уметнички начин е изнесена на сцена од кореографот Александар Илиќ и неговиот асистент Саша Евтимова, обоена со костими на Катерина Радошевиќ Галиќ. На музика од Сергеј Прокофиев и сценографија од Филип Коруновски, уметниците во времетраење од еден час и петнаесет минути, преку изразот на телото и неговите движења ја даваат целосната уметничка слика на приказната.

Проектот „Пепелашка“, детска балетска претстава изведувана од уметниците при НУ Национална опера и балет – Скопје, во времетраење од еден час и петнаесет минути, е инспирирана од истоимената приказна за деца.

Авторски тим кој работел на проектот е:

-музика: Сергеј Прокофиев

-кореограф: Александар Илиќ (Србија)

-асистент кореограф: Саша Евтимова

-костимограф: Катерина Радовиќ Галиќ (Загреб)

-сценограф: Филип Коруновски

На ден 07.06.2023 година (среда), со почеток во 20 часот, на Големата сцена во НУ Центар за култура – Битола, се реализира балетската претстава „Пепелашка“, од страна на уметниците на НОБ – Скопје.

За таа цел, истиот ден во утринските часови (околу 10 часот), со камион пристигна техничка екипа на НОБ со сценографија, костими и звук. На Големата сцена беше поставен балетски под и поставена сценографија за претставата. Уметниците балерини и балетани, пристигнаа околу 12 часот, се сместија во мала сала на НУ Центар за култура и се подготвуваа за проба, која започна во 15.30 часот и траеше до околу 17 часот.

Претставата почна во 20 часот и се реализира во времетраење од 120

минути. Во една посебна хумористична, бајковидна приказна, беше претставена целата таа убава и иронична содржина напишана од авторот. На сцената балетските елементи ги изведуваа околу 30 балерини и балетани, кои за целите 120 минути ја прикажаа нивната уметност и позитивна енергија со која ја пленија цела сала.

За претставата се испечатија 100 Плакати и 900 влезници во печатница „Графопром" – Битола. Претстават ја следеа околу 700 посетители, за која се продаваа билети по цена од 250 денари, на билетарата на Центар за култура од страна на билетарките: Дијана Бешлиќ и Марија Поповска.

Во реализација беше задолжен цел тим од вработени во НУ Центар за култура – Битола, како и други надворешни соработници.

7. КОНЦЕРТ НА АНСАМБЛИТЕ „ТАНЕЦ" РС МАКЕДОНИЈА И „КОЛО"СРБИЈА

- НУ Центар за култура – Битола, голема сала
- 09 јуни 2023 година, 20 часот

Во рамките на одбележувањето на 75 годишнината од основањето на Ансамблот „Коло" Белград, Србија, во рамките на турнеата насловена како „Колодром", на 9 јуни 2023 година со почеток во 20 часот во големата сала на НУ Центар за култура – Битола се реализира заеднички концерт помеѓу Ансамблите „Коло" од Србија и „Танец" од РС Македонија.

При тоа Директорот на Ансамблот „Танец" Мартин Вучиќ изјави: *„Последните неколку години сме чести учесници на „Илинденски денови", пред неколку години и со Хрватскиот ансамбл „Ладо", имавме концерт и со Влатко Стефановски, битолската публика секогаш имала реноме во светот на културата затоа секогаш ни е многу драго кога гостуваме тука."* Дел од програмата беше посветена на музиката на Милан Завков кој почина оваа година при што Мартин Вучиќ дополни: *„Следствено на состојбата е да ја посветиме сезоната колку што можеме на творештвото на Милан кое е големо во „Танец" и сметам дека е единствен начин на кој можеме ние да му оддадеме почит на него."*

Јанко Димитријевиќ, раководител на уметничкиот сектор на Ансамблот „Коло" истакна: *„Ние сме овде веќе традиционално. Битолската публика е секогаш подготвена за нашите програми и се чувствуваме прекрасно секогаш кога гостуваме тука."*

Концертот се реализира во прекрасна атмосфера при што публиката имаше можност да ужива во мозаикот од кореографии и сценски адаптации како и во вокално – инструменталните сплетови од богатата српска и македонска народна традиција. Концертот го проследија околу 800 посетители.

8. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ЕТНОГРАФСКИ ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ - 2024
- НУ Центар за култура – Битола,
- 19 до 26 јули 2023 година

Второто издание на Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал / International Ethnographic Film Festival се реализира од 19 до 26 јули 2023 година во малата сала на НУ Центар за култура – Битола.

Основач, организатор и реализатор на фестивалот е НУ Центар за култура – Битола. Фестивалот е финансирано од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и се реализира во соработка Меѓународниот филмски фестивал од Нанси – Франција.

Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал - Битола / International Ethnographic Film Festival – Bitola, е со интернационален, ревијален карактер и се одржува во Битола, еднаш годишно, како придружна манифестација на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" Битола.

Фестивалот дава одраз на светската различност и оригиналност на жанровите и кинематографското пишување, без ограничување на темата, времетраењето или формата, како и богатството на истражувања во хуманитарните, пред се етнографски науки.Дизајниран од самиот почеток како место за средба на филмаџии и истражувачи од општествените науки, Фестивалот исто така го промовира дијалог со најразновидна публика.

Една од основните цели е фестивалот со текот на годините дастане единствено и суштинско место, кое на професионалците и на поширокота јавност ќе им нуди простор за размислување и споделување.

Програмската посветеност на етнографскиот документарен филм го категоризира како единствениот фестивал во Битола и поширокиот регион, кој исклучиво е посветен на етнографскиот филм. Таа има за цел да ја промовира и демократизира визуелната антропологија пред поширокота јавност.

Во согласност со правилникот на фестивалот можат да учествуваат:

- Интернационални документарни филмови кои се занимаваат со теми од етнографијата, етнологијата, етнокореологијата, етномузикологијата, антропологијата, социологијата, фолклорот, историјата итн.
- Македонски документарни филмови од посочената област,
- Филмови кои имаат истражувачки и научен придонес во наведените области,
- Филмови кои во авторскиот пристап имаат уметнички квалитет.

Пријавувањето на филмови се реализира до 10 јуни 2023 година.Со цел да се промовира фестивалот и да се овозможи пристап и конкурирање на филмови од целиот свет фестивалот беше присутен на следната платформа:

https://filmmakers.festhome.com/fr/festival/internacionalen-etnografski-filmski-festival-ilindenski-denovi-bitola

Покрај високиот кинематографски квалитет на филмовите, во изборот се водевме од нивниот капацитет да пренесат важни пораки, што ќе ја оправда нивната селекција. Програмата има за цел да ја привлече и изненади публиката на фестивалот, затоа беа селектирани впечатливи филмови, кои можат да изненадат, вознемират, разнежнат, израдуваат, да предизвикаат размислување, да го изменат нашиот поглед, да спротивстават мислења.

Филмовите го одразуваа погледот на режисерите, на нивните протагонисти, во односот кон средината во која живеат, нивната желба и упорност да ја зачуваат традицијата, обичаите, верувањата, песните, музиката, со пренесување на вредностите на новите генерации.Исто така предмет на интерес на фестивалот е и создавањето на новите обичаи и верувања.

Тематиката на селектираните филмови е многу разнолика. Етнографскиот материјал може да служи како матрица за експериментална кинематографија исполнета со живописни знаци и референци за митолошка позадина што претставува богат внатрешен свет во суровата вселена. Потоа безвременскиот свет на етнографските филмови, етнофикција - поджанр на документарните филмови и своевидна визуелна антропологија.

Селекцијата на филмови ја реализира Селекторот на фестивалот Тони Гламчевски во периодот од 10 јуни 2023 година до почетокот на јули 2023 година.Преводот и техничката обработка на филмовите се реализира до 15 јули 2023 година. Фестивалот се одржа од 19 до 26 јули 2023 година во малата сала на НУ Центар за култура - Битола.

Во рамките на официјалната програма на осумте фестивалски денови беа проектирани 21 (дваесет и еден) филм во продукција односно во копродукција од следните држави:

Словачка / Шведска; Индонезија / Германија; Србија / Португалија; Франција / Албанија / Италија;Швајцарија / Сенегал;Шпанија;Франција / Мароко; Бугарија; Португалија; Швајцарија; Шпанија / Непал; РС Македонија; САД / Шпанија; Мексико / Мајан; Бразил / Гуарани; Франција / Мадагаскар; Србија / Словенија; Шпанија / Галиција; РС Македонија; Шпанија.

Во рамките на осумте фестивалски денови филмовите се проектираа врз основа на следниот распоред:

Среда 19 јули 2023 година - 20:00

„ТАПКАЊЕ НА ЦРНИТЕ ЧИЗМИ“

Документарен филм на Каору Фуруко Словачка / Шведска / 2023 / 10 мин.

„МЕНТАВАИ – ДУШИТЕ НА ШУМАТА“

Документарен филм на на Џо Петер Индонезија / Германија / 2023 / 75 мин.

Четврток 20 јули 2023 година - 21:00

„НАДВОР ЦВЕТААТ ПОРТОКАЛИТЕ“

Документарен филм од Невена Десивојевиќ Србија /Португалија/2019/ 20 м.

„СИНОВИТЕ НА КАИН“

Документарен филм на Кети Стамо Франција/Албанија/Италија/2021/ 69 мин

Петок 21 јули 2023 година - 10:00

„СУНУ ЕКОЛ“

Документарен филм на Арон Марти Швајцарија / Сенегал / 2021 / 23 минути

„РАМИРО, ДОЖИВОТЕН ОВЧАР“

Документарен филм од Едуардо Маргарето Шпанија / 2022 година / 22 мин.

Петок 21 јули 2023 година - 21:00

„БОРЈ ЕЛ МЕЧКУК“

Документарен филм на Дрис Аруси Франција / Мароко / 2023 / 32 мин.

„АШК“

Документарен филм од Владимир Андонов Бугарија / 2021 година / 20 мин.

„ВПЕЧАТЛИВА ЗЕМЈА“

Документарен филм на Раул Домингес Португалија / 2022 / 66 мин.

Сабота 22 јули 2023 година - 10:00

„РАМБОЈ“

Документарен филм на Лусиен Ру и Матијас Жулауд Швајцарија/2022/ 30 м.

„БАЛИКА“

Документарен филм од Аитор Санчез Смитс и Ландер Ибаретексе Шпанија / Непал / 2022 година / 63 мин.

Сабота 22 јули 2023 година - 21:00

„ДАЕ / МАЈКА“

Документарен филм од Столе Попов Македонија / 1979 / 16 минути DAE /

„АВСТРАЛИЈА, АВСТРАЛИЈА“

Документарен филм на Столе Попов Македонија / 1976 година / 82 минути

Недела 23 јули 2023 година - 20:00

„(ДРУГИОТ) КЛУБ 700“

Документарен филм од Арак Бланко САД / Шпанија / 2022 година / 10 мин.

„ВАЈЧИЛЕТИК (СОНИШТА)“

Документарен филм на Хуан Хавиер Перез Мексико / Маја / 2021 / 83 мин.

Понеделник 24 јули 2023 година - 10:00

„НИЕ НЕ СМЕ САМО СЕНКИ“

Документарен филм од Дино Менезес Бразил / Гуарани / 2023 / 12 мин.

„МАМОДИ, ПОСЛЕДНИОТ БАОБАБ КОПАЧ“

Документарен филм на Сирил Корну Франција / Мадагаскар / 2022 / 50 мин.

Вторник 25 јули 2023 година - 10:00

„ПЛАВА ГРАНИЦА“

Документарец на Иван Милосављевиќ Србија / Словенија / 2020 /19 мин.

„ОСВЕН СМРТТА“

Документарен филм од Адриан Виадор Шпанија / Галиција / 2022 / 44 мин.

Среда 26 јули 2023 година - 10:00

„ЛАЗАРЕНКИ“
Документарец на м-р Силвестер Проле Северна Македонија / 2020 / 19 мин
„МАСКАРАДНИТЕ ПЛАНИНИ“
Документарен филм од Доминго Морено Шпанија / 2021 / 90 минути

За потребите на фестивалот се изработи посебен Каталог, програмски флаер и покана.Во рамките на Каталогот во кој на Македонски и Англиски јазик беше презентирана програмата на фестивалот, авторите, земјите на производство, времетраењето на секој филм поединечно, како и краток опис на содржината на секој филм.

На 19 јули 2023 година во Фоајето на НУ Центар за култура – Битола се реализира пресс конференција на која што директорката Маја Андоновска Илијевски, селекторот на ИЕФФ Тони Гламчевски, стручниот соработник м-р Валентин Соклевски и кореографот м-р Љупка Стефановска ги образложија програмските содржини на вториот по ред Интернационален Етнографски Филмски Фестивал.

Свеченото отворање на Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал во Битола се реализира на 19 јули 2023 година со почеток во 20 часот во Малата сала на НУ Центар за култура – Битола.Во рамките на отворањето кое го водеше Силвана Петрова Насух, говореа селекторот на фестивалот Тони Гламчевски и Директорот на НУ Центар за култура – Битола Маја Андоновска Илијевски.

На наше огромно задоволство на фестивалот гостуваа авторите на дел од филмовите од Бугарија, Србија и Македонија при што тие имаа можност да ги искажат нивните намери, идеи, пораки кои ги имаа преточено во филмовите. Така публиката и поширокота јавност имаше можност да се видио и да ги чуе размислувањата на Владимир Андонов од Бугарија, Иван Милосављевиќ од Србија и Силвестер Проле од РС Македонија. Тие како специјални гости на фестивалот презентираа вистинско кинематографско сведоштво за одредени периоди, места, општества и живот.

Атмосферата на фестивалот, свесно негувана, им овозможи на посетителите да разменуваат мислења и дебатираат по проекцијата на филмовите, да ги кажат нивните искуства, не само за филмот, туку и за животот на некои други места и во различни услови.

Би сакале да нагласиме дека дел од фестивалските проекции имаа можност да проследат учесниците на Семинарот за традиционална музика и игра кои како идни стручни лица од областа на етнокореологијата и етнологијата имаа можност да се запознаат со современите тенденции од областа на документарниот етнографски филм.

Со цел да го приближиме етнографскиот филм до најмладите, како и тенденцијата да негуваме и едуцираме нова млада филмска публика, дел од филмскиот фестивалот имаа можност да проследат и младите ликовни творци – деца од основните училишта кои учествуваа на Детската ликовна работилница на тема „Народна култура – трајна инспирација“,

Нераскинливата врска со РФНИП „Илинденски денови“ овозможи креативна комуникација со останатите форми на презентација, чување и афирмација на духовното и материјалното светско културно наследство.

Фестивалот ги оствари своите цели за промоција на документарниот етнографски филм во контекст на интра и интеркултурна комуникација со посебен акцент на новите филмови, видеа или интерактивни медиуми кои се занимаваат со етнологија, антропологија, социологија и културни студии во поширока смисла на поимот и оствари соработка и размена на идеи со автори на документарни филмови од целиот свет,

Проекциите на вториот по ред ИЕФФ ги посетија преку 800 посетители.

9. ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ ОД ФОНДОТ НА БРАЌАТА МАНАЌИ „ЛИЦА И МЕСТА“

– во соработка со Државниот Архив на РСМ, одделение Битола
- НУ Центар за култура – Битола, фоаје
- 20 до 31 јули 2023 година

Како придружна манифестација на ИЕФФ, како и РФНАИП „Илинденски денови“, од 20 до 31 јули 2023 година пред публиката, гостите и поширокиот аудиториум беше поставена изложбата : „Лица и места – Faces and Places“- Одбрани етнографски фотографии од фондот на браќата Манаќи, која се реализира во соработка со Државниот Архив на РСМ одделение Битола и НУ Центар за култура – Битола.

Изборот на фотографии го направија Марија Дурлова и Гоце Стојановски кои во рамките на Воведот и описот на изложбата истакнаа:

„Во своето времепостоење браќата Манки создаваат илјадници фотографии, ги следат сите општествено - политички , просветно културни и други збиднувања на еден поширок регион на Балканот, а најмногу во Битола и битолско од крајот на 19 век и првата половина на 20 век. Како ретко кои други имале способност да обединуваат. Кога се зборува за различните вери и припадности, обичаи и култура, сето тоа може да се најде кај браќата Манаки. Македонски, турски, еврејски, влашки, грчки, албански и други носии и украсни елементи – на сите обединувачка нишка им се браќата Манаки. Во смисла на интеракција со средината, дејноста на браќата Манаки ги поврзува локалните наративи, со транснационалните наративи во Европа се' до универзалните вредности на фотографската моќ да сведочи за настани,

личности и места познати или непознати. Етнографската фотографија било да е студиска или на отворен простор е составен дел од нивната фотографска дејност. Лицата и местата кои тие ги фотографирале воедно се и изучување или опис на однесувањето на еден народ, специфична кулултура или група, односно нивната етнографска фотографија е доказ за уметноста на изработка на богати носии без разлика на етничката и верска припадност. Лицето претставено на фотографијата го претставува и местото на кое припаѓа. Неговиот лик е приказ на неговата личност, додека пак неговата облека е богат приказ на местото од каде доаѓа и на кое припаѓа. Богатото народно творештво исткаено во форма на свечена облека, украсено со вез и накит, така слично, а сепак различно од село до село, од регион до регион, од еден етнос до друг, од една религија до друга е вистинското богатство што браќата Манаки го овековечиле и го зачувале за навек.“

Во рамките на Свеченото отворање на изложбата кое се реализира на 20 јули 2023 година со почеток во 19:30 часот во Фоајето на НУ Центар за култура – Битола, говореа Гоце Стојановски раководител на одделението на Државниот архив на РСМ во Битола и директорката на НУ Центар за култура – Битола Маја Андоновска Илијевски.

Изложбата ја посетија преку 1.000 посетители.

10. ДЕВЕТТА ПО РЕД ДЕТСКА ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА „НАРОДНАТА КУЛТУРА – ТРАЈНА ИСПИРАЦИЈА ВО МОЕТО ТВОРЕШТВО“

- НУ Центар за култура – Битола, фоаје, мала и голема сала
- НУ Завод и Музеј - Битола
- 20, 21, 24 и 25 јули 2023 година

Деветтата по ред Детска ликовна работилница на тема „Народната култура - трајна инспирација во моето творештво“ се одржа на 20, 21, 24 и 25 јули 2023 година, на платото пред НУ Центар за култура – Битола, во малата и големата сала на Центарот за култура, како и во НУ Завод и Музеј – Битола.

Почетокот на работилницата беше свечено одбележан на 20 јули 2023 година во 10:30 часот во малата сала на НУ Завод и Музеј - Битола, при што пригоден збор зедоа м-р Валентин Соклевски и д-р Мери Стојановска.

Работниот дел започна со претставување на стручниот тим за организација и реализација при што беа нагласени целта и програмата и се договорија оперативните задачи за квалитетно и ефективна реализација.

Во рамките на работилницата беа реализирани предавања како и практичните работилници на следните теми:

- по повод одбележувањето *20 години од донесувањето на Меѓународната конвенција на УНЕСКО за Заштита на*

нематеријалното културно наследство, предавање, работилница – интерактивна игра со фокус на дел од нематеријалните културни добра кои претставуваат интегрален дел на македонската традиционална култура;

- работилница *„Боите на древните култури"* со презентација и изучување на стари ликовни техники на рачно боење на ткаенина со таканаречената *батик техника;*
- мозаик *„Македонска народна шара"* – сликање со акрилни бои на хартија;
- презентација и работилница за изработка на *обредни маски;*
- проекции на етнографски филмови од ИЕФФ.

Работниот дел започна со претставување на стручниот тим за организација и реализација при што беа нагласени целта и програмата и се договорија оперативните задачи за квалитетно и ефективна реализација.

Предавачи и инструктори беа д-р Мери Стојанова - етнолог, м-р Весна Дунимагловска – ликовен педагог, Анкица Стевановска – ликовен педагог, Емилија Богдановска и Душица Брачиќ студенти на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ – УКИМ Скопје, Тони Гламчевски – селектор на Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал

м-р Весна Дунимаглоска, ликовен педагог

Тема: „Боите на древните култури – батик техника"

За време на работилницата под наслов: *Боите на древните култури*, учениците имаа можност да се запознаат со одредени стари ликовни техники на рачно боење на ткаенина со таканаречената *батик техника*, најчесто користена во источните култури а покасно и кај нас. Техниката содржи сложена постапка на претходна подготовка на цртеж скица на хартија, а потоа нејзина изведба на цртеж со восок врз скроено платно - *модна колаж креација*, врз кој пак се изведува обоен дезен со акрилни бои, во овој случај како замена за природните бои кои старите народи ги добивале по природен пат од разни растенија, земја и др. природни материјали. Учениците освен што се запознаа со техниката тие имаа можност да се приближат и до културата на другите народи кои со векови низ подолг временски историски период ја предавале оваа техника од една на друга кулура. Беа изработени 70 - тина скици и креации како индивидуални творби и работа во тим по двајца.

д-р Мери Стојанова – етнолог

Тема: „20 години од донесувањето на Меѓународната конвенција на УНЕСКО за Заштита на нематеријалното културно наследство "

Водејќи се од фактот дека годинава се одбележуваат *20 години од донесувањето на Меѓународната конвенција на УНЕСКО за Заштита на нематеријалното културно наследство,* работилницата го имаше својот

фокус токму на дел од нематеријалните културни добра кои претставуваат интегрален дел на македонската традиционална култура, но кои пренесувајќи се од генерација на генерација, сеуште се практикуваат од страна на македонското население.Покрај посетата на *Постојаната музејска поставка*, каде учесниците имаа можност да се запознаат со исклучително вредните музејски експонати изложени во поставката, а во корелација со главната тема на работилницата поврзана со заштитата на нематеријалното културно наследство, дел од активностите беа посветени на интерактивна игра токму од овој сегмент од традиционалната култура.Имено преку соодветни доставени асоцијативни картички/сликички кои учесниците соодветно ги групираа, беше даден соодветен приказ на процесот и носечките елементи на обредната *практика на „Бабарите", „Коледарите", како и бојадисувањето на јацата за време на Велигденскиот празничен циклус*.Преку оваа активност беше направен обид за проширување на сознанијата за наведените обредни практики, но на еден интерактивен и забавен начин.

Анкица Стевановска – ликовен педагог
Тема: „Работилница на тема „Мозаик – народна македонска шара"

Во рамките на темата учесниците во работилницата сликаа на хартија народна шара. Секое дете доби цртежво форма на квадрат врз кој се сликаше со одредени насоки од страна на наставникот. Се користеше техниката сликање со акрилни бои и четки на хартија. Во сите цртежи доминираа боите на македонската традиција: црвена, црна, бела, зелена и жолта. На крајот од работилницата сите цртежи беа залепени и вклопени во еден голем мозаик кој визуелно го даваше ефектот на македонски вез. Големината на мозаикот беше 100 х 200 сантиметри при што децата се воодушевуваа на создаденото дело.

Емилија Богдановска и Душица Брачич
Тема: „Презентација и детска работилница за обредни маски"
Целта на оваа презентација и работилница беше децата да се запознаат со *обредните маскирани поворки* од типот на *џоломарите* заедно со *нивните невести (од Бегниште), мечкарите, василичарите, додолето*, како дел од народното творештво. Во согласност со концептот на работилницата децата се поделија на две групи според возраста и нивните различни можности за справување на дадената задача.Работилницата за изработка на обредни маски се одвиваше во два дена, започнувајќи со пречекување на групата деца заедно со нивните наставнички во малата сала во Центарот за култура во Битола, во која преку *powerpoint*презентација им демонстриравме визуелна престава за тоа како изгледаат обредните маскирани поворки, како тие се делат и кој е типикот по кој се водат за време на дејствувањето на празниците. На крајот на презентацијата, кратко излагање земаа и двајца

членови на АНИП "Орце Николов" кои облечени во *џоломарска облека* придружени со *стапови и звонци клокотарци*, преку глума и игра им доловија дел од денешната *џоломарска* традиција кој ден денес се изведува. Потоа се префрливме на големата сцена каде на масички со претходно подготвениот материјал за изработката на маските децата со наши насоки изготвија прекрасни маски. Следниот ден втората презентација и работилница се одвиваше на истиот начин и имавме повторно одлични изработени маски.

Тони Гламчевски – селектор на Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал

Тема: Проекција на етнографски филмови

Со цел да го приближиме етнографскиот филм до најмладите, како и тенденцијата да негуваме и едуцираме нова млада филмска публика, младите ликовни творци – децата од основните училишта кои учествуваа на Детската ликовна работилница на тема „Народна култура – трајна инспирација" како и нивните наставници и ментори имаа можност да проследат дел од *Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал* кој се одвиваше во истиот период во Битола.

Во работилницата зедоа учество 89 (осумдесет и девет) учесници од кои 68 (шеесет и осум) ученици и 21 (дваесет и еден) ликовни педагози, ментори и наставници од Битола, Новаци, Могила и други места.

Од текот на работилницата беше изработена фото и видео документација.

Во рамките на работилницата беа изработени голем број детски творби на зададените теми од кои беа селектирани најдобрите и најадекватните и се подготви, изработи и презентира на јавноста *Изложба на детски творби од деветтата по ред Детска ликовна работилница "Народната култура – трајна инспирација во моето творештво"*, која што беше поставена во Фоајето на НУ Центар за култура – Битола во периодот од 04 до 13 декември 2023 година.

Изложбата ја посетија преку 800 посетители.

11. 15-ти по ред СЕМИНАР ЗА ТРАДИЦИОНАЛНА МУЗИКА И ИГРА

- **НУ Центар за култура – Битола**
- **Студентски дом „Кочо Рацин" Битола**
- **Спортска сала „Павел Шатев" Битола**
- **26 до 30 јули 2023 година**

Семинарот на традиционална музика и игра во Битола е воспоставен во 2009 година со цел да се овозможи стручна едукација и надоградба на кадрите кои се активно вклучени во процесот на живо егзистирање на традиционалните културни вредности во здруженијата на граѓани, групи и ансамбли чиј што предмет

на работа претставува народната култура и фолклор.Семинарот овозможува размена на мислења, стручна расправа, континуирана едукација на постоечките и продуцирање на нови кадри, како и креирање на нова свежина и напредок во процесот на зачувување и презентација на традиционалните вредности.

Во рамките на Семинарот се ангажирани реномирани стручни лица кои потекнуваат од факултети и специјализираните средни училишта, чија што главна тема на обработка е традиционалната музика и игра што овозможува применување на современи методи и техники на едукација и издигнување на Семинарот на академско и научно ниво.

Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" кој што повеќе од 5 децении посветува особено внимание на едукацијата на кадри, е вистинското место каде што учесниците на семинарот можат јасно и конкретно да ја поврзат теоријата и праксата и да ги прошират сознанијата за традицијата и сценско уметничките закономерности.

Петнаесеттиот по ред Семинар за традиционална музика и игра се реализира од 26 до 30 јули 2023 година во Битола.

Свечениот почеток се одржа на 26 јули 2023 година во 11:00 часот во Малата сала на НУ Центар за култура – Битола.Во рамките на Свечениот почеток на Семинарот, говореа Маја Андоновска Илијевски директор на НУ Центар за култура – Битола, м-р Валентин Соклевски стручен соработник за фолклорна дејност и професор д-р Владимир Јаневски кој во кратки црти го претстави тимот за реализација на овогодишниот Семинар,го промовираше и го образложи *Зборникот на трудови број XV* и ги информираше учесниците и присутните за планираните активности кои се реализираа во рамките на Семинарот.

По свечениот почеток учесниците на Семинарот имаа можност да го проследат филмовите *„Лазаренки"* од РС Македонија и филмот *„La Montana Enmaskarada"("Планината Маскарада")* од Шпанија, кои беа во рамките на вториот по ред Интернационален Етнографски Филмски Фестивал кој е придружна манифестација на РФНИП „Илинденски денови" Битола.

Во 12:30 часот учесниците на Семинарот присуствуваа на отворањето и ја разгледаа изложбата „Традиционалната култура во градот Штип".

Семинарот за традиционална музика и игра оваа година се реализираше во следните институции:

- Свечениот почеток во Малата сала на НУ Центар за култура - Битола,
- Промоција на Зборник на трудови XV и стручни презентации на гости од Хрватска и Грција во малата сала на НУ Центар за култура - Битола
- Теоретските презентации и практичните работилници се реализираа во Студентскиот дом „Кочо Рацин" во Битола,
- Практичната настава во рамките на работилницата за народни ора, се реализираше во Спортската сала „Павел Шатев" во Битола.

Со цел да се овозможи квалитетна едукација, теоретска и практична презентација секоја година на Семинарот за традиционална музика и игра предавачи, асистенти и презентери се стручни лица од областа на етнокореологијата, етномузикологијата и етнологијата. Предавачи, асистенти и презентери на Семинарот за традиционална музика и игра оваа година беа: проф. д-р Владимир Јаневски, етнолог (УГД, Музичка Академија Штип – Оддел за етнокореологија), д-р Родна Величковска (Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје); м-р Христијан Николовски, етнокореолог (ДМБУЦ „Илија Николовски Луј" Скопје - Насока за традиционална музика и игра), Тијана Јаневска, етнокореолог, а свои трудови презентираа д-р Мирјана Мирчевска (Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје ПМФ - Институт за етнологија и антропологија), д-р Беким Рамадани (Факултет за музика – Универзитет во Тетово) Љупка Стефановска, етнокореолог, (НУ Центар за култура – Битола), Филип Арилон, етнокореолог.

На овогодишниот Семинар за традиционална музика и игра зедоа учество триесет и седум учесници од РС Македонија (Скопје, Битола, Охрид, Демир Хисар, Вевчани, Радовиш, Кочани, село Јосифово, Скопје, Неготино). Со цел подобро да се информираат со концептот, содржините, целите и ефектите на семинарот, парцијално на дел од предавањата и работилниците присуствуваа и заинтересирани учесниците и гости на РФНИП „Илинденски денови".

Одржувањето на Семинарот за традиционална музика и игра во ист термин со Фестивалот „Илинденски денови" им овозможи на учесниците:

- да изградуваат стручен и критички однос кон сценските презентации;
- да контактираат и комуницираат со голем број на стручни лица;
- да имаат практичен увид на квалитетот на ансамблите од РС Македонија;
- да се запознаат со интернационални традиционални содржини кои ги презентираат групите од странство;
- да прават компаративна анализа на сценските презентации;
- да следат практична реализација на значајни компоненти од еден процес кој што во себе ги има инкорпорирано едукацијата и презентацијата на традиционалните вредности;
- да воспоставува соработка со поединците и асоцијациите кои ја негуваат традиционалната музика и игра.

Во рамките на Семинарот за традиционална музика и игра Битола – 2023 беа презентирани и обработени следните теми кои беа дел од Зборникот на трудови број XV:

- „ЕТНОКОРЕОЛОШКИ РЕФЛЕКСИИ ВО БРСЈАЧКАТА ЕТНОГРАФСКА ЦЕЛИНА" д-р Владимир Јаневски - Универзитет „Гоце Делчев" – Штип Музичка академија – Катедра за етнокореологија

- „ВОДИЧАРСКОТО ПЕЕЊЕ ВО МАРИОВСКИОТ РЕГИОН“
  д-р Родна Величковска, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје
- „ЕТНОГРАФИЈА НА СВАДБЕНАТА ОБРЕДНА ПРАКСА ВО СЕЛО ДРЕНОК,ГОЛО БРДО“- д-р Мирјана Мирчевска - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ПМФ - Институт за етнологија и антропологија,
- „КУЛТУРНА КРИЗА НА НАРОДНАТА МУЗИКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПРИЧИНИ, ПОСЛЕДИЦИ И ПРЕПОРАКИ“
  д-р Беким Рамадани Факултет за музика – Универзитет во Тетово
- „МЕЧКАРИ – ОБРЕДИ ПОД МАСКИ ВО ПРИЛЕП“
  м-р Христијан Николовски , ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ – Скопје Насока за традиционална музика и игра,
- „СТИЛСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРОВОДЕЦОТ ВО БРСЈАЧКАТА ЕТНОГРАФСКА ЦЕЛИНА“Силвестер Проле, ЈОУ Дом на култура „Македонија“ – Гевгелија,
- „ЖЕНАТА ВО ОБРЕДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ МУСЛИМАНИ ОД С. ОКТИСИ“, м-р Љупка Стефановска, НУ Центар за култура – Битола,
- „СВАДБЕНАТА ОБРЕДНА ТРАДИЦИЈА ВО СЕЛО СКОЧИВИР“
  м-р Тијана Јаневска
- „ОБРЕДНИ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НАЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ АЗОТ“, Филип Арилон
- „НАРОДНИТЕ ОРА КАКО МОТИВ КАЈ ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ ВО XX ВЕК“, Марјан Андоновски, НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“– Скопје

Во рамките на Семинарот се реализираа и следните работилници:

- Работилница за етнологија
  Проф. д-р Владимир Јаневски
- Работилница за традиционални ора
  м-р Силвестер Проле
  м-р Тијана Јаневска
- Работилница за традиционално пеење
  проф. д-р Родна Величковска
  м-р Тијана Јаневска
- Работилница за традиционални инструменти
  м-р Христијан Николовски

НУ Центар за култура – Битола, како организатор и реализатор на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ и Семинарот за традиционална музика и игра, голем дел од своите активности со

децении ги насочува кон градење на стручен и одговорен однос кон живото егзистирање на традиционалната музика и игра, односно кон фолклорната дејност во целина.

Имајќи во вид дека РФНИП „Илинденски денови" е сертифициран фестивал од ЦИОФФ оваа година учесниците на Семинарот имаа можност да проследат стручни презентации на д-р Енрих Мердиќ – Претседател на Јужноевропскиот сектор на ЦИОФФ и Претседател на ЦИОФФ - Хрватска и Јанис Константину – стручно лице, истражувач на традиционални танци од Грција.

Проф.д-р Енрих Мердиќ, Претседател на јужноевропскиот сектор на ЦИООФФ, а воедно и Претседател на ЦИОФФ – Хрватска, на 27 јули 2023 година со почеток во 11 часот во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, одржа стручно предавање на тема *„Пролетната поворка на Љеље од Горјани, Хрватска иулогата на Националната секција на ЦИОФФ – Хрватска."* - *"Spring procession of Ljelje from Gorjani, Croatia and the role of NS CIOFF Croatia".*

Јанис Константину - учител и истражувач на традиционални танци од Грција на 27 јули 2023 година со почеток во 12 часот во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, реализира Стручна презентација – предавање на тема *„Народната традиција на жителите од село Арменско (Алона), Република Грција.*

Семинарот за традиционална музика и игра,кој и оваа година беше стручно, ефективно и квалитетно организиран и реализиран, за што придонесе стручниот тим на предавачи, асистенти и презентери како и тимот на Центарот за култура – Битола, кој што во текот на цела година внимателно и одговорно го планира и реализира целокупниот организационо, оперативно – практичен дел на подготовката на Семинарот, треба да го продолжи својот континуитет, да се надоградува и развива во интерес на процесот за зачувување на традиционалните вредности и да продолжи со соработката со интернационалните стручни лица и нивните сознанија и искуства.

12. ИЗДАВАЊЕ НА НОСАЧ НА ЗВУК СО НАСЛОВ „ ГЛАСОТ НА ВЕЧНАТА ЉУБОВ" МАКЕДОНСКИ МУЗИЧКИ БИСЕРИ ИЗВЕДЕНИ НА КЛАРИНЕТ СОЛИСТ СТОЈАН ТРАЈКОВСКИ

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **24 јули 2023 година**

Кларинетистот Стојан Трајковски, како еден од најголемите изведувачи и творци на македонската народна музика, преку своите дела остава силен печат во македонското национално културно творештво. Роден е на 19 јануари 1953 година во Орле, Мариово. Завршува средното музичко училиште во Битола, а потоа

дипломираше на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. м-р Иван Кочаров.

Во 1973 година ги направи првите аудиозаписи на свои авторски ора, придружуван од народниот оркестар на тогашната Радио-телевизија Скопје. Во 1975 година, во издание на ДИСКОС се појави првата солистичка грамофонска плоча на Трајковски, заедно со Наско Џорлев. Во истата година, во продукција на РТБ, излезе грамофонска плоча каде што Стојан Трајковски изведува свои авторски ора со оркестарот на Рамадан Шукри.

Во 1980 година се врати во родниот град и ја продолжи својата работа и го формира ансамблот „Пелагониски Бисери", со кој во 1984 година, со „Пелагониски Бисери" ја издадоа првата грамофонска плоча и касета со авторски песни и ора, во издание на ДИСКОС, а за истата продукциска куќа во 1987 година, заедно со хармоникашот Тоде Мицевски снимија касета со македонски ора. Потоа, од „Пелагониски Бисери" следуваат уште две касети и плочи со македонски новокомпонирани песни и обработки на стари народни песни.

Како многу значаен дел од кариерата на Стојан Трајковски го бележиме издавањето на неговата прва солистичка аудиокасета во 1990 година, каде што изведува негови авторски ора придружуван од оркестарот „Македонски Мерак" и од најдобриот хармоникаш од Македонија, Милан Завков. Следуваат уште два проекта на „Пелагониски Бисери", каде што во продукција на издавачката куќа ВЕЗИЛКА, во 1992 година излегуваат една аудио и една видеокасета.

Во 1997 година, Стојан Трајковски за „Музичката и касетна продукција на МРТВ" ја издаде својата втора солистичка касета, каде што е придружуван од Николче Мицевски. Од 2009 наваму, реализираше неколку проекти со „Пелагониски Бисери": гостувања во САД и во Австралија и заедничкиот албум со хармоникашот Тоде Мицевски, насловен како „40 ГОДИНИ ЗАЕДНО".

Круна на целокупното творештво на Стојан Трајковски претставуваат култните негови проекти: книгата ФОЛКЛОРНА ФАНТАЗИЈА и сетот од 4 компакт дискови со наслов ГЛАСОТ НА МОЈАТА ДУША. Овие два проекти претставуваат најголемото достигнување во македонската традиционална музика.

Стојан Трајковски во текот на целиот свој професионален живот работеше како професор по музичка уметност, силно трудејќи се на своите ученици да им пренесе што повеќе од своето знаење и искуство. Останувајќи засекогаш верен на македонскиот фолклор и на македонската музика, Стојан Трајковски станува многу важен дел од историјата на македонската народна музика, оставајќи непроценливо музичко богатство за генерациите што доаѓаат.

Музичкиот албум насловен како „Гласот на вечната љубов" на кларинетистот Стојан Трајковски, претставува проект кој содржи 6 македонски традиционални песни, во уникатна интерпретација на Стојан Трајковски како

солист на кларинет, придружен од уште неколку еминентни музичари од Македонија и сето тоа аранжерски обликувано од м-р Благојче Трајковски.

Уредник на музичкиот албум кој е сниман и мастериран во Студиото „Подрумот“ е Анѓел Ќосев, а зедоа учество и инструменталистите Оливер Јосифов, Илија Филиповски, Тодор Завков, м-р Благојче Трајковски. Овој проект ги содржи следните македонски народни песни во инструментална изведба: „Калеш Анѓа“, „Зајди јасно сонце“, „Бистра вода“, „Ајде сонце зајде“, „Црна се чума зададе“, „Параходот ми пристигна“. Целта на овој проект е да се документира и зачува вистинскиот македонски музички израз во инструменталното музицирање, а уште поголем поттик и инспирација беше да се изведат најспецифичните песни од македонското музичко културно наследство, песни кои се столбот на вистинскиот македонски музички идентитет.Меѓународенстандарден број за публикацијата: ISRC MK – A2S – 23 - 00001

Промоцијата на носачот на звук –компакт диск (ЦД) „Гласот на вечната љубов“ од Стојан Трајковски се одржа на 24 јули 2023 година со почеток во 19:30 часот во малата сала на НУ Центар за култура – Битола. Во рамките на промоцијата која ја модерираше Љубица Ангелкова, говореа Благојче Трајковски, директорот на НУ Центар за култура – Битола Маја Андоновска Илијевски и интерпретаторот на кларинет Стојан Трајковски.

Овој проект има и силно едукативно значење, затоа што изведбата на Стојан Трајковски е карактеристична и единствена, а во неа во целост е запазена целокупната структура на сите музички интерпретаторски елементи кои што треба да ги содржи една македонска народна песна која инструментално се изведува. Во неговата изведба ја имаме пред се неговата уникатна боја на кларинетот, потоа ги забележуваме во целост сите украси и орнаменти кои треба да се поставени во самата мелодиска линија. Сето тоа со сигурност го става овој проект во еден од највредните и најуникатните музички документи.

Промоцијата ја проследија околу 110 лица.

13. 53-ти РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ПЕСНИ И ИГРИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ БИТОЛА – 2023

- НУ Центар за култура – Битола, голема сала

- од 19 до 31 јули 2023 година

НУ Центар за култура – Битола го реализира 53-то издание на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола од 19 до 31 јули 2023 година.

Посветен на големиот Илинден и на бескрајниот народен гениј, вдахновен од Свети Илија, од своето формирање во 1971 година па се до денес, преку својата програмска концепција и практичната реализација успеа во светски рамки

да се мапира како високо респектирана, репрезентативна сцена за презентација и афирмација на интернационален фолклор.

Фестивалот „Илинденски денови“ во 2017 година стана единствен фестивал од РС Македонија кој поседува сертификат за интернационален фестивал и е дел од големото светско семејство на фолклорни фестивали на CIOFF - International Council of Organizations of Folklore Festivalsand Folk Arts.

Тој е интернационален фестивал со иновативна и разновидна фестивалска програма во која се сместени игроорни, музички, вокални содржини, етнографски филмови, семинар, ликовни работилници, изложби, аудио – визуелни презентации, ревии на носии, издавачки проекти, саеми и изложби на книги, концерти, булеварски презентации и уште многу други иновативни содржини чија што срж е народната култура и традицијата.

Оваа година низ повеќе од 60 поединечни официјални и придружни содржини и манифестации фестивалот го разиграа и распеаја преку 1.200 учесници од Чиле, Мексико, Грузија, Ирска, Италија, Хрватска, Србија, Бугарија како и од РС Македонија.

Како и во изминатиот половина век постоење на фестивалот, Битола и битолчани повторно ги отворија своите срца за да ја пречекаат светската култура и да пренесат пораки на искрено добредојде и желби за мир, разбирање, толеранција, почитување и градење на мостови на пријателство и соработка.

53-от Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ оваа година се реализира под мотото „ОТВОРЕН КРУГ“. Мотото во целост ја изразува мисијата и целите на фестивалот да ги промовира и афирмира интернационалните и домашните традиционални, автентични вредности на духовната и материјалната култура.

Официјалните и придружните манифестации на 53-от Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола, се реализираа на следните локации: Плато на Офицерскиот дом – Битола; Плоштад Магнолија – Битола; Стара битолска чаршија; Широк сокак – Битола; Културен центар Магаза; Мала сала на НУ Центар за култура – Битола; Фоаје на НУ Центар за култура – Битола; Плато пред НУ Центар за култура – Битола; Фоаје на НУ Народен театар – Битола; НУ Завод и Музеј – Битола; Студентски дом „Кочо Рацин“ Битола, и на неколку пунктови во битолските маали и ширум Битола.

Со цел да се исполнат стандардите за квалитетна промоција и афирмација на фестивалот беа преземени следните активности: промовирано е ново мото на фестивалот; направен е нов дизајн на промотивниот материјал за печатење и употреба на социјалните мрежи; напечатени се: Каталог во колор со податоци за фестивалот како и за сите групи кои учествуваат, два типови на генерален плакат на македонски и на англиски јазик, два видови на свечена покана, покани за изложбите и концертите, голем програмски флаер во колор, флаери А4 формат

превиткана на половина во колор, акредитации, благодарници и сертификати; напечатен е Каталог и флаер за Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал; изработен е видео спот за најава на фестивалот кој е презентиран на локални и национални телевизии како и на социјалните мрежи; истакнат е голем висечки транспарент (6х4 м) на фасадата на НУ Центар за култура – Битола; напечатени се два долги банери (1,5х6 м) за фасадата на Офицерскиот дом, изработени се четири правоаголни банери (2х1 м) од церада со дизајнот од плакатите на фестивалот, како и церада за сцената (9х6 м); набавен е полукружен банер (3х2 м) и напечатена соодветна церада за истиот; одржана е Пресс конференција со учество на директорот на НУ Центар за култура Битола Маја Андоновска Илијевски, селекторот на ИЕФФ Тони Гламчевски, стручниот соработник м-р Валентин Соклевски во пресрет на фестивалот и кореографот м-р Љупка Стефановска; Дефилето, Првата и последната фестивалска вечер се директно пренесувани во живо преку интернет социјалните медиуми; Сите фестивалски вечери се снимани и одложно ќе се емитуваат на национални телевизии и ТВ Тера Битола; Изработени се кратки видео клипови со делови од фестивалската програма; испратени се пропагандни материјали до дописниците на медиумите во Битола, РС Македонија, институции, асоцијации и поединци ширум земјата и странство; испратени се електронски информации до медиумите во РС Македонија; реализирани се секојдневни извештаи во рамките на програмата на социјалните мрежи, локалните телевизии и државните медиуми од страна на новинари кои го следеа комплетниот фестивал; реализирани се бројни интервјуа како од страна на организаторот така и од учесниците; изработени се седум изданија на Билтенот на фестивалот во кои е презентиран текот на фестивалот и секојдневно се испраќани во електронска форма до медиумите во РС Македонија.

53-от Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола 2023, се реализираше по Генерална програма која беше составена од официјална програма и придружни манифестации.

Свеченото отворање на 53-тото издание на Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола, се реализира на 26 јули 2023 година (среда) со почеток во 20 часот на фестивалската сцена на Платото пред Офицерскиот дом во Битола.

Традиционално, свеченото отворање започна со интерпретацијата на орото „Комитско“ од страна на членовите на КУД „Илинден“ од Битола, за потоа на сцената да продефилираат претставниците на интернационалните и домашните фолклорни групи и ансамбли кои беа учесници на фестивалот.

Во рамките на официјалниот дел од Свеченото отворање на Фестивалот говореше Директорот на НУ Центар за култура - Битола госпоѓата Маја Андоновска Илијевски облечена во смилевска народна носија, која што ги

поздрави гостите и присутните во име на организаторот, а во име на градот домаќин се обрати Градоначалникот на Општина Битола господинот Тони Коњановски.

На присутните им се обрати и специјалниот гостин господинот Енрих Мердиќ од Хрватска кој е Претседател на Јужноевропскиот сектор на ЦИОФФ. На крајот од свеченото отворање претставникот на покровителот на фестивалот, Потпретседателот на Собранието на Република Северна Македонија господинот Горан Мисоски, званично го прогласи фестивалот за отворен.

Согласно предвидената програмска стратегија која овозможува квалитетна презентација, стручна и компаративна анализа и оваа година групите и ансамблите беа тематски распоредени по следната програмска шема: пет фестивалски вечери, концерти на ансамбли од РС Македонија, концертни презентации на ансамблите од странство.

Во рамките на програмскиот мозаик на 53-тото издание на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови" Битола учествуваа преку 1.000 играорци, вокални интерпретатори и инструменталисти од вкупно 34 фолклорни групи, ансамбли, вокално инструментални состави од земјата и странство. Од нив, 8 ансамбли беа од Чиле, Мексико, Ирска, Грузија, Италија – Сицилија, Хрватска, Бугарија и Србија, а 26 групи и ансамбли од РС Македонија. Од 34 ансамбли, 3 ансамбли зедоа учество само во рамките на фестивалското дефиле.

Од групите и ансамблите учесници во официјалната програма:

- дваесет и осум ансамбли реализираа 30 сценски презентации од кои еден ансамбл презентираше и изворни и старогрдски адаптации, а еден ансамбл презентираше и изворни и обработени содржини;
- во рамките на вкупната програма: десет групи и ансамбли се претставија со традиционални, изворни, автентични содржини; десет ансамбли се претставија со старогрдски содржини; два ансамбли интерпретираа обработени фолклорни содржини; и осум ансамбли презентираа интернационална традиционална музика и игра тоа од Чиле, Мексико, Ирска, Грузија, Италија – Сицилија, Хрватска, Бугарија и Србија;
- од десетте ансамбли со старогрдска музика и игра една група интерпретираше содржини од Влашката традиција а една група од Албанската старогрдска традиција;
- Покрај фестивалските вечери, три ансамбли и групи од РС Македонија реализираа целовечерни концерти;
- Покрај фестивалските вечери ансамблите од странство реализираа осум концертни презентации.

Фестивалот „Илинденски денови“ Битола продолжи да се развива и да ја збогатува својата програма во рамките на темелниот концепт на фестивалот со нагласени напори и тенденции за континуитет во продолжувањето на исполнување на принципите и критериумите на Светската организација на фестивали - ЦИОФФ, преку реализирање на гостувањето на осум ансамбли од странство.

Во рамките на официјалната програма на Платото од Офицерскиот дом во Битола се реализираа петте фестивалски вечери по следниот распоред:

- 26.07.2023 - Свечено отворање и Вечер на традиционална музика и игра во која што се претставија: Ансамбл „Македонија“ Скопје; КУД „Тена“ Џаково, Хрватска; КУД „Русалии“ Секирник; Troy O'Herlihy Irish Dance Group Cork, Ireland; ФА „Цветови“ Дедино; Ballet Folklorico De Temuco Chile; ФА „Бисер“ Кичево; Enseble "Flying Georgians" Tbilisi, Georgia.
- 27.07.2023 - Вечер на традиционална музика и игра во која што се претставија: КУД „8-ми Октомври“ Крива Паланка; Gruppo Folkloristico Fabaria FolkFavara, Sicilia, Italy; КУД „Дримкол“ Вевчани; ФТТ Родина Варна Бугарија; КУД „7-ми Септември“ Македонски Брод; Enseble "Flying Georgians" Tbilisi, Georgia; ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје; Mexico Ballet Folclorico Del Ateheo Fuente Mexico.
- 28.07.2023 - Вечер на старограДска музика и игра во која што се претставија: Пејачка група „Арма'њ Пирифањ – Горди Власи“ Скопје; ВИС „Ѓердан“ Штип; КУД „Пензионер“ Прилеп; ВИС „Орнаменти“ Штип; СГ „Сирма војвода“ Битола; ЗГ „Распеани штипјани“ Штип; ВИА "Распеани струмичани“ Струмица; СГ при КУД „8 Октомври“ Крива Паланка; Вокален кктет „Прилеп“ Прилеп; Женски хор „Теута“ Тетово.
- 29.07.2023 - Вечер на традиционална музика и игра во која што се претставија: КУД „Илинден“ Битола; КУД „Тена“ Џаково, Хрватска; КУД „Весели пензионери“ Пробиштип, Troy O'Herlihy Irish Dance Group Cork, Ireland; АФ „Гоце Делчев“ Битола; Mexico Ballet Folclorico Del Ateheo Fuente Mexico; Gruppo Folkloristico Fabaria FolkFavara, Sicilia, Italy.
- 31.07.2023 - Свечено затварање и Вечер на интернационална музика и игра во која што се претставија: ГАНИП – Градски ансамбл, Пожаревац, Србија; ФТТ Родина Варна Бугарија; Gruppo Folkloristico Fabaria FolkFavara, Sicilia, Italy; КУД „Тена“ Џаково, Хрватска; Troy O'Herlihy Irish Dance Group Cork, Ireland; Enseble "Flying Georgians" Tbilisi, Georgia; Mexico Ballet Folclorico Del Ateheo Fuente Mexico; КУД „Илинден“ Битола.

Во рамките на фестивалот се реализираа и три целовечерни концертни презентации на уметници и ансамбли од РС Македонија:

- 24.07.2023 – Концерт на ВИС „Аманет“ Скопје, на платото на Офицерскиот дом во Битола;
- 25.07.2023 – Концерт на КУД „Илинден“ Битола под наслов „120 години Илинденско востание“ во Старата битолска чаршија;
- 30.07.2023 – Концерт на Александар Јовевски под наслов „Од колено на колено“, на платото на Офицерскиот дом во Битола;

Во рамките на придружната манифестација „Фолклорна прошетка низ светот се реализираа осум концертни презентации на ансамблите од странство и тоа:

- 26.07.2023 - Концерт на Ballet Folklorico De Temuco Chile
  Плато на Офицерски дом во Битола - 22:30 часот
- 27.07.2023 - Концерт на Troy O'Herlihy Irish Dance Group Cork, Ireland
  Плоштад Магнолија, пред КЦ Магаза Битола – 21 часот
- 27.07.2023 - КУД „Тена“ Џаково, Хрватска
  Плато на Офицерски дом во Битола - 22:30 часот
- 28.07.2023 - Концерт на ФТТ „Родина“, Варна, Бугарија
  Плоштад Магнолија, пред КЦ Магаза Битола – 21 часот
- 28.07.2023 - Концерт на Enseble "Flying Georgians" Tbilisi, Georgia
  Плато на Офицерски дом во Битола - 22:30 часот
- 29.07.2023 - Концерт на Gruppo Folkloristico Fabaria FolkFavara, Sicilia, Italy
  Плоштад Магнолија, пред КЦ Магаза Битола – 21 часот
- 29.07.2023 - Концерт на Mexico Ballet Folclorico Del Ateheo Fuente Mexico
  Плато на Офицерски дом во Битола - 22:30 часот
- 30.07.2023 - Концерт на ГАНИП – Градски ансамбл, Пожаревац, Србија
  Плоштад Магнолија, пред КЦ Магаза Битола – 20 часот

Во рамките на трите вечери на придружната манифестација „Ехо од дамарите“ која оваа година се реализираше во прекрасниот амбиент на Платото на Офицерскиот дом во Битола на 26 јули 2023 година се претставија: КУД „Русалии“ Секирник, ФА „Цветови“ Дедино, ФА „Бисер“ Кичево; на 27 јули 2023 година со почеток од 22:00 часот се претставија: КУД „8-ми Октомври“ Крива Паланка, КУД „7-ми Септември“ Македонски Брод, ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ Скопје; на 29 јули 2023 година се претставија: КУД „Весели пензионери“ Пробиштип, АФ „Гоце Делчев“ Битола, КУД „Илинден“ Битола.

Во овогодишната програма од областа на изложбената дејност на фестивалот беа реализирани следните изложби:

- Од 20 до 31 јули 2023 година, во Фоајето на НУ Центар за култура – Битола, Изложба на етнографски фотографии од фондот на Браќата Манаќи : „Лица

и места – Faces and Places"- во соработка со Државниот Архив на РСМ одделение Битола и НУ Центар за култура – Битола.

- Од 20 до 26 јули 2023 година, фоајето на НУ Народен театар – Битола, Изложбата на етнографски фотографии од Ungarija на авторот Jozsef Mark со наслов „Танц – душа – слика".
- Од 21 до 29 јули 2023 година во КЦ Магаза – Битола, Изложба на копаници „Уметност во дрво" реализирана во соработка со Здружението на копаничари на Македонија, а по повод јубилејот „30 години на Здружение на копаничари на Македонија".
- од 22 до 31 јули 2023 година во НУ Завод и Музеј – Битола, мала сала, Изложба „Везовите на Македонија" која се реализира во соработка со НУ Музеј на Македонија – Скопје.
- Од 26 до 31 јули 2023 година во фојато на НУ Народен театар – Битола, Изложба „Традиционалната култура на градот Штип" во соработка со УГД – Штип.

Покрај наведените манифестации во рамките на мозаикот на придружните манифестации беа реализирани и:

- На 26 јули 2023 година, Традиционалното дефиле „Со песни и игри низ битолските улици" кое беше емитувано ОН ЛИНЕ во живо на интернет и социјалните мрежи,
- На 28 јули 2023 година, во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, Промоција на документарен филм за АНПИ „Орце Николов" од Скопје со наслов „Од исконот до вечноста".
- На 28 јули 2023 година во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, Промоцијата на Мултимедијална мапа на недвижното културно наследство на градот Битола: Османлиски период - верски и профани објекти, во соработка со Центарот за етнолошки истражувања и применета антропологија (ЦЕИПА).
- На 22 и 23 јули 2023 година на платото пред Центарот за култура – Битола, Изложба на книги од областа на фолклорот и народната култура,
- на 26 јули 2023 година, од Плато – Офицерски дом, Битола по Широк Сокак и Булевар 1-ви Мај, Храмот Свети Архангел Михаел Довлеџик па се до излезот од Битола, придружната манифестација – марш „Патот на Илинденците" во соработка со Битолската коњаница „Галоп".
- на 27 и на 28 јули 2023 година на Широк Сокак во делот пред Киното Манаки, Перформанс „КОСА" - Трансформација на невестинските фризура, автор на перформансот е м-р Наде Костадиновска-Спасеновска, НУ Музеј на Македонија, а соработници при реализација проф.д-р Владимир Јаневски и Ансанбл „Македонија",

- на 29 јули 2023 година, на платото пред НУ Центар за култура – Битола, Презентацијата на Ирски фолклор проследен со мастер час (работилница) со членовите на TROY O'HERLIHY DANCE GROUP CORK IRELAND, во соработка со Американското катче – Битола.
- на 25, 27, 28 и 29 јули 2023 година во Старата битолска чаршија во просторот пред зградата на Малиот битолски Монмартр, Придружна манифестација под наслов „На пладне во чаршија" со учество на интернационални групи и ансамбли од: Чиле, Мексико, Грузија, Хрватска, Ирска, Италија, Србија и Бугарија.
- од 26 до 29 јули 2023 година, на повеќе пунктови од Саат кулата по Широк сокак до Офицерскиот дом, Придружната манифестација „Музика на Широк Сокак", Чиле, Мексико, Грузија, Хрватска, Ирска, Италија, Србија и Бугарија, како и оркестри и групи од Северна Македонија.
- На 30 јули 2023 година, на локалитетот Бегова Чешма, на Баба Планина, Пелистер, Интернационален фолклорен пикник на кој што зедоа учество членовите на сите интернационални ансамбли.
- на 31 јули 2023 година на Плоштадот Магнолија, Манифестацијата Интернационална фолклорна разгледница се учество на ансамбли од Мексико, Грузија, Хрватска, Ирска, Италија, Србија и Бугарија.

Во рамките на стручно – научната и едукативната програма на фестивалот се реализира Стручна расправа во која што свои презентации имаа:

- 27 јули 2023 година, во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, проф.д-р Енрих Мердиќ, Претседател на јужноевропскиот сектор на ЦИОФФ, а воедно и Претседател на ЦИОФФ – Хрватска одржа стручно предавање на тема „Пролетната поворка на Љеље од Горјани, Хрватска иулогата на Националната секција на ЦИОФФ – Хрватска." - "Spring procession of Ljelje from Gorjani, Croatia and the role of NS CIOFF Croatia".
- На 27 јули 2023 година, во малата сала на НУ Центар за култура – Битола, Јанис Константину - учител и истражувач на традиционални танци од Грција реализира Стручна презентација – предавање на тема „Народната традиција на жителите од село Арменско (Алона), Република Грција".

Во согласност со Статутот на РФНИП „Илинденски денови" Битола, како и принципите на ЦИОФФ, на фестивалот се оценуваат и наградуваат само ансамблите од РС Македонија, додека ансамблите од странство настапуваат ревијално. Оваа година стручната жири комисија донесе Одлука со која: За најуспешна група која презентираше традиционална музика и игра го прогласи КУД „Весели пензионери" Пробиштип; За најуспешна група која презентираше староградски музика и игра го прогласи: ВИА „Распеани струмичани" Струмица; За најуспешна соло инструментална изведба го прогласи Теодор Грујоски -

инструменталист на гајда од АФ „Гоце Делчев“ Битола; За најуспешен инструментален состав го прогласи Оркестарот составен од кемене и гајда на КУД „8-ми Октомври“ Крива Паланка; За ансамбл со најдобра, најкомплетна, изворна носија го прогласи КУД „Русалии“ Секирник.

Традиционално односите со јавноста се реализирани на високо професионално ниво за што сведочат бројните остварени интервјуа, написи и извештаи во печатените и електронските медиуми. Исто така издадени се седум броја на електронски Билтен на фестивалот и доставени се до медиумите и заинтересираните организации, институции и поединци. Дефилето, Свеченото отворање, Првата фестивалска вечер, Свеченото затварање и Вечерта на интернационална музика и игра се емитувани во живо преки интернет медиумите, а останатите три официјални фестивалски вечери се снимени од ТВ Тера – Битола, ќе бидат емитувани во рамките на програмата на телевизијата, а ќе бидат поставени и на youtube каналот на фестивалот. Од официјалните и придружните манифестации изработени се кратки видео презентации кои ќе бидат поставени на WEB страната и youtube каналот на фестивалот.

Битно е да се напомене дека Британскиот медиум „Гардијан“ во рубриката фотографии на денот, во која секој ден се селектирааат по две фотографии од целиот свет кој се објавуваат како најдобри, објави фотографија од дефилето на фестивалот на народни игри и песни „Илинденски денови“ како една од двете најубави на 27 јули 2023 година. Автор на фотографијата е фотограферот Огнен Теофиловски (Ognen Teofilovski/Reuters) кој фотографирал детал од подготовките пред настап на фестивалската сцена во Битола на членови од ансамблот Ballet Folklorico De Temuco од Чиле.

53-то издание на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ кој заедно со придружните манифестации се реализира во тринаесет фестивалски денови го проследија преку 33.000 лица.

На крајот наместо резиме би ја цитирале Маја Андоновска Илијевски Директорка на НУ Центар за култура – Битола која во рамките на Свеченото отворање на 53-то издание на Републичкиот фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ меѓу останатото рече:

„Нема ли срце, нема ли срце – на срце срцето,
срце – ширини широко, срце – длабини длабоко –
цел свет да збере, па да е, за вија гради малечко?“.

„Оваа е носија од каде мене ме влечат прадедовите и прабабините, смилевски корени, носија изработена од "Убавите жени на мојот народ" кои брзо прецутувале како цут кајсија, како мајски јоргован како што пишувал Блаже Конески, стојам гордо драги гости, и стојам пред нов предизвик, ново издание на Републичкиот фестивал Илинденски денови, фестивал – симбол на

инклузивност, заедница,рушење на бариерите и почитување на различностите.

Во денешниот свет со брзо темпо, од суштинско значење е да се потсетиме на важноста за зачувувањето на нашето културно наследство. Нашиот јазик, обичаи,ритуали, песна, игра и срце кое чука во седум/осмински такт, се нишките што нè поврзуваат заедно, формирајќи го ткивото на нашиот идентитет.

Дозволете ни да ги подадеме нашите раце на пријателство и разбирање кон оние од различно потекло. Во различноста лежи убавината и силата а со отворено срце едни кон други, можеме да изградиме мостови на меѓусебно почитување и соработка.„Илинденски денови е фестивал кој потврдува дека традицијата останува жива и релевантна иако нашиот свет брзо се менува.

Наша задача е аманетот да го предаваме на идните генерации,да инспирираме нови генерации етнолози, етнокореолози, фолклорни работници, играорци, музичари,уметници кои ќе продолжат да ги градат мостовите на разбирање и пријателство кои ги надминуваат границите. Илинденски денови е фестивал на битолчани, празник на градот кој широко ги отвора вратите за светот. Тој е нашиот најубав битолски фестивал, нашиот амбасадор на културата во светот а наша желба е да биде и во иднина државен настан кој ќе остане да биде за пример.

И да… срцето пука обрачи, и плиска знаме алово, срцето што се отвара, и шири ширно широко –целиот свет да загрне".

14. КОНЦЕРТ „ВЕЧЕР СО КРСТЕ РОЏЕВСКИ"

- НУ Центар за култура – Битола, голема сала

- 7 септември 2023 година

Крсте Роџевски е вокалист, гитарист и композитор од Њујорк, САД кој своите почетоци ги бележи во деведесеттите години во Битола. Своите први посериозни музички чекори ги прави со група музичари од која подоцна ќе произлезат групите Фолтин и Љубојна. Поширокатa публика го познава по соработката со Дуке Бојаџиев на неговиот албум "Love Is The Way" како и по музиката од филмовите „Сенки," „Бикини Мун", и "Врба" на Милчо Манчевски, „До Балчак" на Столе Попов и „Војната заврши" на Митко Панов. Добрите познавачи на џез/импро сцената во светот, пак, го познаваат по неговите четири оригинални авторски објави издадени на компакт-диск и винил за дискографските куќи Much Prefer Records и MOD Reloaded во последниве седум години: „Batania" (2015), „Bitter Almonds" (2017), „The Rabbit And the Fallen Sycamore" (2018), и "Hubris" (2020) - албуми што беа дочекани со нескриено воодушевување и восхит од страна на светската музичка критика и влијателните музички списанија и вебзини („Downbeat", „Wire", „All About Jazz", „Stereogum", „Avant Music News", „Jazz Corner",

„Jazz Weekly"...). На овие албумски записи, Роџевски го придружуваат некои од највозбудливите музичари од првата лига на њујоршката џез-авангарда: Мери Халворсон (гитара, електрична гитара), Кирк Кнафке (труба), Мајкл Бланко (контрабас), Тома Фуџивара (тапани), Крис Спид (тенор саксофон), Томика Рид(чело), Тејлор Хо Бајнум (корнет), Крис Дејвис (пијано), Брајан Драј (тромбон), Ингрид Лауброк (саксофон), Икуе Мори (електроника), и други. Продуцент не неговиот албум Hubris е легендарниот Бил Ласвел, познат по своите продукции на Херби Хенкок, Хенри Тредгил, Иги Поп, Мик Џегер, итн.

Концертот со наслов „Вечер со Крсте Роџевски" кој се реализира на 7 септември 2023 година со почеток во 20 часот во салата на НУ Народен театар – Битола, претставуваше концертна премиера на соло верзија од овој исклучително вреден музички материјал во Битола - родниот град на Роџевски.

Во рамките на концертот Крсте Роџевски, кој е комплетен автор на музика, текст и аранжман, (со исклучок на традиционалните теми) беа изведени следните нумери:„Тезга", „Санта Тереса", „Кадифе", „Батаниа", „Мадона", „Горно Дупени", „Крк Кардаш", „Туѓ срам", „Ни ќар ни зијан", „Икарус", „Креденец", „Дијазепам", „Ladybug", „Ти се армаса" – традиционална, „Оj овчаре" – традиционална, „Ах минав гора" – традиционална.

Прекрасниот самостоен концерт на Крсте Роџевски – автор, композитор, вокален интерпретатор, интерпретатор на гитара и тамбура, организиран од НУ Центар за култура – Битола, финансиран од Министерството за култура на РС Македонија, реализиран во салата на НУ народен театар - Битола го проследија преку 450 посетители.

15. БИТОЛСКИ ДУВАЧКИ ОРКЕСТАР „КОНЦЕРТ НА ФИЛМСКА МУЗИКА"

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **24 октомври 2023 година**
- **19:30 часот**

Битолскиот Дувачки Оркестар е обновен во 2014 година и работи под раководство на диригентот Марјан Бакревски. Од 2014 година до денес развивајќи се во нагорна линија оркестарот реализирал голем број концерти и настапи ширум Републиката и странство по разни поводи и во рамките на голем број манифестации и настани. Аудио и видео запис од настапите на Битолскиот Дувачки Оркестар се достапни наYouTube.

Диригент на Битолскиот Дувачки оркестар, а воедно и носител на проектот, е младиот битолски кларинетист, професор, диригент и композитор Марјан Бакревски. Бакревски е дипломиран кларинетист, диригент и композитор, роден на 10/06/1987 година.

Во рамките на своето образование Бакревски завршил:

- Државно средно музичко училиште Битола 2001-2005 (класа проф. Панде Татарчевски)
- Бостонски Конзерваториум за музика, 2005- 2008, Бостон, УСА (проф. Џонатан Колер)
- Факултет за музичка уметност-Скопје 2008-2010 (проф. Стојан Димов)
- Постдипломски студии Универзитет Моцартеум 2010 – 2012 (проф. Алоис Брандхофер)
- Мастеркласови и семинари : Kenneth Radnofsky, Charls Nedich, Thommas Martin, Richard Stolzman, Michael Norsworthy, Andy Vores (композиција), Bruce Hangen (диригирање)

На 24.10.2023 година во Големата сала на НУ Центар за култура – Битола, со почеток во 19:30 часот беше одржан традиционално по трети пат музичкиот концерт на Дувачкиот Оркестар на Битола, застапувано од здружението БИТ-АРТ и Марјан Бакревски, овој пат под наслов „Концерт на филмска музика".

Концептот на овогодинешниот концерт, беше филмската музика, при што беа изведени 10 композиции на дувачки инструменти (кларинет, саксофон, тромбон, труба), придружувани од ударни инструменти, гитари и пијано. На концертот беа изведени познатите музички теми одд филмовите Star Wars, Rocky, The Blues Brothers и многу други.

Во времетраење од 90 минути, Битолски Дувачки Оркестар под диригентска палка на познатиот музичар и диригент Марјан Бакревски на сцената изведе следните музички филмски хитови: "Star wars", "Cheek to cheek", "April in paris", "Blues brothers", "Pink Panther", "Gonna fly now", "Tank", "Caravan", "Children of sanchez", "Tijuana Taxi".

На концертот како инструменталисти, зедоа учество следните уметници:

1. Марјан Бакревски - диригент/ кларинет
2. Мирко Митровски - саксофон
3. Стефан Тасевски - саксофон
4. Марјан Будиноски - саксофон
5. Гоце Костурски - тромбон
6. Виктор Богоевски - тромбон
7. Никола Петровски - тромбон
8. Љупчо Богатиноски - труба
9. Бојан Митрески - труба
10. Митко Рошков - труба
11. Владко Симоновски - гитара
12. Коста Стеваноски - Бас гитара/контрабас
13. Бојан Анакијевски - тапани
14. Дамјан Грујо - перкусии

15. Давид Скерлевски - клавир

Концертот го проследија околу 700 посетители. На крајот од концертот, сите учесници беа наградени со стоечки овации од страна на публиката.

16. ИЗЛОБА НА ХРИСТИЈАН ТОМАНОВСКИ „ФУЗИЈА“

(Реализирана со превземање)

- НУ Центар за култура – Битола, фоаје

- од 03 до 11 ноември 2023 година

„Фузија“ е работен наслов на изложба од ликовниот уметник Христијан Томаноски, всушност тоа е превземена изложба на уметникот од друг град, со цел зајакнување и збогатување на соработката во културата помеѓу Струга и Битола.

Изложбата претставува едно „Издигнување“ на вистинското над реалното, или душата над телото. Преку графики, авторот ни ја доловува таа двојна замисла и постоење на замислата и вистинското во просторот и времето.

Насловот „Издигнување“ е инспирација од стиховите од воведните песни на збирката на Ш. Бодлер „Цвеќињата на злото“. Низ неколку дела проткаени се и други стихови од повеќе автори, поврзувајќи и надополнувајќи ги делата со цел проширување на просторот на самите дела.

За изложбата авторот Томаноски забележува: *Комбинирањето на повеќе стилови и техники во творењето на дигитални и традиционални скици, илустрации и дизајни во различни ми помогнаа да ја поставам основата за креирањето на визуелниот јазик на оваа изложба. Сега целта, е еден кохерентен јазик на комбинирање на едноставноста и експерименталноста на графиката изразена преку илустративен пристап.*

Христијан Томаноски, роден 1985 г. во Струга. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика со насока графички дизајн. Работел како едукатор за визуелни уметности и дизајн. Се занимава со графички дизајн, илустрација. Еден од основачите на здружението ИНКА. Работел на сценографијата на СВП, и како дел од тимот за продукција на фестивалот. Од 2018 година работи како соработник за визуелни уметности во НУЦК „Браќа Миладиновци“ Струга. Еден од основачите за Иницијативата за независен културен активизам и продуцент на главниот годишен настан, фестивалот Дримон, на 7 изданија (13-19). Логистички организатор на програмата Европска диплома за културен менаџмент за 2018 во С.Македонија. Еден од селектираните учесници на IVLP програмата организирана преку А,басадата на САД во С.Македонија. Зад себе има 3 самостојни, а учествувал на повеќе групни изложби. Сценограф и асистент сценограф на СВП 2014-16. Координатор на СВП 2019-20.

Изложбата Фузија - превземање изложба од Струга „Издигнување“, се реализира во фоајето на влезот од НУ Центар за култура Битола во периодот од

03.11.2023 година до 15.11.2023 година. На изложбата на штафелаи беа изложени 29 дела од авторот, со големина од А5 формат, урамени во стакло.
Свеченото отворање беше на 03.11.2023 година, (петок), со почеток во 18:30 часот. Во Фоајето беше поставено озвучување и микрофон на кој зедоа збор директорката на НУ Центар за култура - Битола, Маја Андоновска Илијевски и самиот автор на изложбата Христијан Томаноски, кој ја прогласи за отворена изложбата и ги покани присутните да ја разгледаат.

Во периодот на реализација на изложбата, од 03 до 15.11.2023 година, истата ја посетија повеќе од 1.000 посетители кои присуствуваа на настаните во Голема сала на НУЦК Битола.

17. 15-ти ФЕСТИВАЛ НА МУЗИКА ОД СВЕТОТ

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **НУ Народен театар – Битола**
- **Кафе бар Деус, Ноќен клуб Јагода, Порта Jazz**
- **23 – 25 ноември 2023 година**

Основен концепт на Фестивалот на музика од светот е да се креира препознатлива, интернационална сцена отворена за сите музички жанрови и видови од сите страни на светот со што се овозможува креативна комуникација, инспирација и афирмација.Амбициозната, добро планирана и реализирана продукција со текот на годините успеа да го етаблира фестивалот на светската мапа како сериозен субјект кој што нуди квалитет и професионална презентација.
Програмско – репертоарната определеност овозможува реализација на целовечерни музички презентации и придружни програми на кои земаат учество реномирани групи и ансамбли од РС Македонија, Балканот, Европа и светот.Фестивалот од своето етаблирање до денес соработува со светски познати интерпретатори и фестивали од областа на делување, што му овозможува да биде во контакт и во тек со светските стандарди. При тоа со својот концепт и програмска определеност фестивалот настојува да презентира актуелни интернационални музички вредности со што обезбедува публика со широк дијапазон на музички определби.

15-от Фестивал на музика од светот се одржа на 23, 24 и 25 ноември 2023 година под слоганот– мотото „ЕДНА СЦЕНА. ЗВУК НА СВЕТОТ.“

Свеченото отворање на фестивалот се реализира на 24 ноември 2023 година во салата на НУ Народен театар – Битола. Во рамките на отворањето кое го водеше Љубица Ангелкова, говореа директорката на НУ Центар за култура – Битола Маја Андоновска Илијевски и министерката за култура на РСМ Бисера Костадиновска – Стојчевска.

Во рамките на фестивалот се реализираа следните содржини:

ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА

23.11.2023 - четврток

ОЛАБАЈ на Фестивал на музика од светот

Промоција на АСЦЕНТ – првиот самостоен албум на Горан Таневски

Промотор Агенција за мода, култура и уметност МЕТРОПОЛИС
во соработка со АРТАКТ – Битола

Простор: НУ Центар за култура – Битола, мала сала - Почеток: 19:00 час.

24.11.2023 - петок

Концерт на TALES FROM THE BOX

Бобан Мирковски – пијано РС Македонија
Stella Tempreli – виолончело, Thanos Stavridis – хармоника - Грција

Простор: НУ Народен театар – Битола - почеток: 20:00 часот.

25.11.2023 - сабота

Концерт на LAIBACH

Простор: НУ Центар за култура – Битола, голема сала - почеток: 20:00 час.

ОФФ ПРОГРАМА:

23.11.2023 година

DJ CONDUCTOR - Подржано од EUROPE HOUSE BITOLA

Простор: Кафе бар ДЕУС – Битола - Почеток: 22:00 часот.

24.11.2023 година

Изложба на грамофонски плочи од збирката на Петар Ставрев

Простор: НУ Народен театар – Битола, фоаје - почеток: 19:30 часот.

DJ Sonja Ismail & Zoki Bejbe

Простор: Ноќен клуб Јагода - почеток: 00:00 часот.

25.11.2023 година

Изложба на грамофонски плочи од збирката на Петар Ставрев

Простор: НУ Народен театар – Битола, фоаје - почеток: 19:30 часот.

DJ HERZEL - Подржано од EUROPE HOUSE BITOLA

Простор: Порта JAZZ Битола - почеток: 22:00 часот.

Marko Nastic

Простор: Ноќен клуб Јагода - почеток: 00:00 часот.

Акцент на дел од учесниците на Фестивалот на музика од светот – 2023

LAIBACH – кратки напомени

Лајбах е музичка и крос-медијална група од Словенија основана на 1 јуни 1980 година во Трбовље. Името на бендот е историска германска верзија на името на словенечката престолнина Љубљана. Од самиот почеток, Laibach разви „Gesamtkunstwerk" – мултидисциплинарна уметничка практика во сите области, од

популарна култура до уметност (колажи, фотокопии, постери, графики, слики, видеа, инсталации, концерти и изведби). Од нивните почетоци групата беше поврзана и опкружена со контроверзии, предизвикувајќи силни реакции кај политичките власти на поранешна Југославија, а особено во Социјалистичка Република Словенија. Нивната милитаристичка самостилизација, пропагандистичките манифести и тоталитарните изјави покренаа многу дебати за нивното вистинско уметничко и политичко позиционирање.Многу значајни теоретичари, меѓу нив Борис Гројс и Славој Жижек, го дискутираа феноменот Лајбах и од аналитичка и од критичка културна гледна точка. Главните елементи на различните практики на Лајбах се: силни референци на авангардната историја на уметност, наци-кунст и социјалистички реализам за нивното производство на визуелна уметност, деиндивидуализација во нивните јавни настапи како анонимен квартет облечен во униформи, концептуални прогласи и силни звучни сценски изведби – главно означени како индустриска (поп) музика. Лајбах практикува колективна работа, го укинува индивидуалното авторство и го воспоставува принципот на хиперидентификација. Во 1983 година тие го измислија и дефинираа историскиот термин „ретро-авангарда". Тие креативно ги преиспитуваа уметничките „цитати", присвојување, реконтекстуализација, авторски права и копирање. Иако започна како уметнички и музички колектив, Лајбах стана меѓународно познат пред се на музичката сцена, особено со нивните уникатни насловни верзии и интерпретации на хитовите на Квин, Ролинг Стоунс, Битлси итн.

Во 1984 година, Лајбах го иницираше основањето на поширокиот колектив на НСК (Neue Slowenische Kunst) заедно со сликарите од групата Ирвин и театарската група Скипион Насице сестри. Ова доведе до воспоставување на силна платформа за социјална, културна и политичка активност во климата на либерализација и плурализација во Југославија во 1980-тите. НСК постоеше како синхронизирано движење до 1992 година, подоцна делумно се промени во виртуелна држава НСК со текот на времето. Ограничената соработка меѓу групите продолжи до 1995 година и понатаму.По распадот на Југославија во 1991 година, Лајбах продолжи главно во доменот на популарната музика, додека остана референтна точка во однос на уметничката културна критика. Во текот на последните години групата беше подложена на меѓународна реевалуација на нивната уметничка практика во текот на појавата на постструктуралистички погледи за светската концептуална уметничка продукција.

"Love is Still Alive" - Албумот"Love is Still Alive" е 40-минутно „скриено" патување низ земја, танц и електронски звук, со различни верзии на песната Love Is Still Alive from the Iron Sky - The Coming Race филм, кој завршува со уништување на планетата Земја и нејзиниот сателит Месечината - од каде што егзодусот на последните преживеани Земјани, кои до неодамна сè уште живееле на

Месечината, сега се принудени да најдат нова планета погодна за живот. Во принцип цели кон Марс, но дали ќе успеат да стигнат не знаеме.
Нивниот вселенски брод не е во најдобра форма, а нивните резерви на храна и вода се исто така многу ограничени. Оригиналната песна е преземена од саундтракот на Лајбах за научно-фантастичниот темна комедија акционен филм Iron Sky: The Coming Race, продолжение на Iron Sky, за кој Лајбах беше нарачан да ја состави партитурата во 2012 година.

„TALES FROM THE BOX" - кратки напомени

Концертот насловен како „Tales from the box", претставува една приказна која ја поврзува, македонската, грчката и латино-музиката. Мелодиите се изведуваат на три инструменти и од тројца уметници, кои го доловуваат секој украс во мелодијата на својот инструмент. Инструменталисти се и носители на овој проект: Стела Темпрели (Stella Tempreli) -виолончело - од Грција, Танос Ставридис (Thanos Stavridis) – хармоника - од Грција, Бобан Мирковски – пијано - од РС Македонија.

За потребите на Фестивалот на музика од светот: напечатени се покана, флаер, четири типови банери, четири типови плакати и влезници;изработено е рекламен банер на церадно платно во големина околу 6x4 метри кој беше истакнат ширум фасадата на Центарот за култура Битола;изработен е рекламен видео спот; реализирани се промотивни гостувања во националните телевизии во РСМ; реализирана е прес конференција на Маја Андоновска Илијевски во пресрет на фестивалот; реализирана е прес конференција со членовите на групата LAIBACH;фестивалот го следеа голем број новинари од областа на музичката дејност со кои што се реализираа интервјуа во врска со фестивалот, објавени се написи во голем број на национални и локални медиуми,

Јубилејниот програмскиот концепт овозможи *Фестивалот на музика од светот* во Битола да го потврди трендот на развој и фактот дека фестивалот станува битолски и македонски бренд кој секоја година на своите фестивалски сцени овозможува да прозборат светските музички жанрови со сета своја убавина и разновидност при што си го зацврстува своето место на мапата на фестивалите во светот кои го негуваат овој програмски концепт.

Многубројната публика, интересот за фестивалот во стручната јавност, разновидните фестивалски содржини зборуваат за негувањето на еден квалитетен концепт и континуиран чекор со светските текови.

Тимот на Центарот за култура – Битола заедно со Советот на фестивалот, селекторот и надворешните соработници преку високиот професионализам, стручната продукција и организација креира квалитетен музички производ со вистински музички вредности.

На крајот би потенцирале дел од говорите во рамките на свеченото отворање на Министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска и директорката на Центарот за култура во Битола Маја АндоновскаИлиевски:

Министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска се обрати на 15. по ред издание на Фестивалот на музика од светот, и која го отвори фестивалот, при што рече:

-Горда сум што Битола преку овој фестивал и придружната програма покажува подготвеност на високо ниво да се вклучи во европските процеси на поддршка на младите локални автори, и да ги поврзе националната со независната сцена. Интегрирани, отворени кон светот, го честитам овој јубилеј, и се гордеам што Битола гради култура на европски центар, отворен за светските имиња. Впрочем, каде ако не во земја, во држава чиј културен идентитетски столб е музиката. По 15-ти пат преку фестивалот "Музика на светот" Битола покажува дека е дел од глобалните процеси за обединување на светот, преку музиката и културата. Во денешно време, музиката се шири веднаш штом ќе се појави на некоја од дигиталните платформи, и така таа станува заедничка, во истиот момент, за милиони луѓе од целиот свет", истакна министерката додавајќи дека „луѓето полесно се разбираат, се запознаваат со различностите на културите, се обединуваат, ги збогатуваат своите емоции. Фестивалот ја става Битола на познатата светска листа на градови кои го слават жанрот „world music".

„Директорката на Центарот за култура во Битола, Маја Андоновска – Илиевски на отворањето потенцира:

-Ова е фестивал на Ричард Галијано, Наташа Атлас, Тангарија квартет, Баба Зула, Елена Томашевиќ, Лиљана Крстиќ, а тоа е и мото на ова издание "Една сцена – звук на светот".
Додека музиката ги исполнува салите, сцените, срцета, сетилата,
да бидеме потсетени дека без разлика на нашето потекло
споделуваме заеднички јазик, јазикот на уметноста.
Музиката ја има токму таа моќ да не поврзе со целиот свет.
За време на фестивалот ќе имаме можност да искусиме низа жарнови,
инструменти и гласови кои го потврдуваа богатството на
нашата глобална заедница,
од традиционални мелодии, до модерна фузуја
раскажувајќи ја приказната на нашиот фестивал."

Оваа година Фестивалот на музика од светот го посетија околу 2.870 лица.

18. КОНЦЕРТ „TALES FROM THE BOX"

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **24 ноември 2023 година**
- **20 часот**

Концертот насловен како „Tales from the box", претставува една приказна која ја поврзува, македонската, грчката и латино-музиката. Мелодиите се изведуваат на три инструменти и од тројца уметници, кои го доловуваат секој украс во мелодијата на својот инструмент. Инструменталисти се и носители на овој проект:

- Стела Темпрели (Stella Tempreli) -виолончело - од Грција
- Танос Ставридис (Thanos Stavridis) – хармоника - од Грција
- Бобан Мирковски – пијано - од РС Македонија

Стела Темпрели е родена во Солун. Има постдипломски и магистерски звања на Универзитетот во Македонија, отсек за Музичка наука и уметност со специјализација виолончело со професор г-дин Димитрис Патрас, како и носител на диплома со одлична оценка. Со своето виолончело има одржано бројни концерти, се истакнала во натпревари во камерна музика и има посетено серија семинари. Покрај тоа, таа има и учествувал на бројни снимања и има остварено значајни соработки со Никос Кипургос, Јоргос Казанцис, Димитрис Марамис, Лина Николакопулу, Тодорис Вуцикакис, Јанис Папагеоргиу, Танос Ставридис и други. Еден од нејзините главни проекти е дуетот со виолончело со хармоника наречен „Tales from the box". Од 2015 година предава виолончело во музички училишта како и во конзерваториуми.

Танос Ставридис е еден од најпознатите хармоникаши, со соработки и во настапи и искографија, со едни од најголемите и најпознатите пејачи но и композитори и музичари, како во Грција, така и на Балканот. Тој е еден од пионерите на грчката балканска сцена, бидејќи бил основач на историски групи, како што се „Северните партнери", „Кабаре Балкан" и сега „Дром" и „Tales from the box". Тој е исто така основач на меѓубалканскиот ол-стар оркестар „Балкански мостови проект" со Теодосиј Спасов, Васко Атанасовски, Јотис Киурцоглу, Христос Тасиос и Танос секако. Учествувал на над 100 снимања на албуми и како солист и како оркестратор. Последните 14 години предава на Катедрата за музички студии на Универзитетот во Јанина (поранешен Катедра за народна и традиционална музика на ТЕИ на Арта). Прес на Тајмс Сквер со седиште во Њујорк, „Акордони звезди илустрејтед" го вбројува меѓу светските 100 најпознати хармоникаши за 2019, 2020 и 2021 година.

Бобан Мирковски е роден на 18.01.1991 во Скопје. Основното и средното образование го заврши во МБУЦ "Илија Николовски – Луј" во класата на проф.

Даница Стојанова. Дипломира во 2013 година на Факултет за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Симон Трпчески. Во 2015 год. ги завршува пост-дипломските студии на ФМУ Скопје во класата на проф. Александар Сердар (Р. Србија). Мирковски има остварено голем број концерти во Македонија и странство и има освоено голем број домашни и меѓународни натпревари. Во своето образование има посетувано и неколку меѓународни семинари кај еминентни професори од републиката и од странство како што се: проф. Ж. Захариева (Р. Бугарија), J. Михајловиќ (Р. Србија), Ф. Турисини (Р. Италија), А. Леимони (Р. Грција), Т. Каишиге (Р. Јапонија), Б. Романов (Р. Македонија) итн. Моментално работи како професор по пијано во ДМБУЦ "Илија Николовски – Луј" Скопје каде остварува успеси со своите ученици.

Во рамките на концертот, тројцата инструменталисти, го изведоа следниот репертоар:

1. Astor Piazzola – Libertango
2. Љупчо Мирковски – Pelion
3. Thanos Stavridis – Sunset bossa
4. Thanos Stavridis – Route E-75
5. Queen – Bohemian rhapsody
6. Влатко Стефановски/Дамир Имери – Gipsy song
7. Aram Khachaturian – Toccata
8. Ludwig Van Beethoven – Moonlight sonata
9. Thanos Stavridis – Φεγγαροστρατα (Giorgo's lullaby)
10. Jean Louis Matinier – Amischa
11. Thanos Stavridis – Anemos
12. Thanos Stavridis – After the rainbow
13. The Beatles – Hey Jude

Композиција за бис:

Vangelis – Chariots of fire

Би сакале да напомениме дека заради поголема рационалност, ефикасност, наменско користење на кадровските ресурси, сценските поставки, ефикасност, подобра промоција во јавноста, во програмата на фестивалот е вклучен и Концертот насловен како „Tales from the box", кој се одржа на 24.11.2023 година во салата на НУ Народен театар – Битола. Концертот е самостоен, посебен проект финансиран од Министерството за култура, така да за негова реализација се користени наменските средства од Министерството за култура на РС Македонија и средства од сопствени приходи.

19. СТЕФАН МАЛБАШИЌ ИЗЛОЖБА ПОД НАСЛОВ „СОНУВАЈЌИ ЈА ПРИРОДАТА“

- НУ Центар за култура – Битола, фоаје
- од 22 до 29 декември 2023 година

Стефан Малбашиќ е роден 17.06.1984 година во Битола. Завршил Средно уметничко училиште „ Лазар Личеновски“, Скопје – отсек вајарство, Факултет за ликовни уметности, Скопје – отсек вајарство, конзервација и реставрација, Магистерски Студии на Факултетот за ликовни уметности – Скопје, - отсек вајарство.

Во проектот „Сонувајќи ја природата“ од ликовниот уметник Стефан Малбашиќ, е презентирана природата во најубавиот сегмент. Односно преку убавината, нежноста и привлешноста на цветот, уметникот ќе не прошета низ полињата и убавините на Кенија. Целата изложба и дела авторот ги црпи од неговиот престој во Кенија. Магепсан од убавините на природата и цвеќето како симбол на мир, убавина, нежност, невиност, посебно во бела боја, со својата уникатност на опстојување само во таа земја, го плени авторот и го мотивира да се искаже на платно.

Изложбата насловена како „Сонувајќи ја природата“ на авторот „Стефан Малбашиќ, беше отворена на ден 22.12.2023 година со почеток во 20:00 часот, во фоајето на НУ Центар за култура Битола, беше свечено отворена која е дел од програмата на институцијата за 2023 година. На изложбата беа изложени повеќе од 50 дела на паноа и на штафелаи.

На изложбата, како луѓе компетентни да зборуваат за животот и делата на авторот Стефан Малбашиќ, зедоа збор Владо Ѓоревски и Драги – Де Ниро. Исто така како домаќин на институцијата која го организира и реализира проектот, поздравен говор одржа директорката на НУ Центар за култура - Битола, Маја Андоновска Илијевски.

За неговата изложба, уметникот Владо Ѓоревски ќе забележи:

Стефан Малбашиќ во своите нови циклуси ги исцртува меридијаните на колористичката „рељефност“ со композициска структуралност која носи чист и директен ликовен суфизам. Во нив ја вградува на суптилен ликовен принцип и византиската ликовна мудрост како генеза на духовното траење и како неизбришлив талог од неговата креативност. Во тој контекст, се упатува кон исток, барајќи го менихеистичкиот принцип. Неговиот примарен мотив е во корелација со контрапунктите на бојата која ја преобразуваат во чист, лаконски принцип на директна и поетична импресија. Сведувањето на стилската визура во прочистен акварелизам, тој пристигнува на само изразна поставеност, туку прозрачна медитативност, смирена и прочистена од се што го преобразува кристалот во аморфна густина. Тоа не се циклуси на програмска и пресметана шематизираност, туку се циклуси на директен

ликовен израз, дадени како своевидно послание, каде што знаците и симболите извираат од архетипот на просторот и од таинствените звучни мелодиски бранувања во своевидна, скоро левитирачка хармонија.
Во кениското циклус: „Кениска рапсодија", тиркизниот колорит, произлегува од една специфична ритмика, блиска до музичките принципи. Лирското е пренесено преку нијансите на зеленото во прочистен и транспарентен вид, со нагласени бели акценти кои се врзивното ликовно ткиво од кое е создаден севкупниот микросвет со антологиска варијативност.
Додека во циклусот Сонгкран, (Songkran - тајландски најголем празник), создава своевиден „Колористички огномет", со слободна чиста ведра „празнична" композиција. Во мотивската определба, истакнува: траги од цветови, асоцијации на вегетативни дневници, пердуви како симбол на слободен лет но и на таа византиска традиција, особено во иконографијата на претставите на ангелите односно, своевиден рапсод со слава на живот - оптимистично, ведро, лирско и сензитивно.
Малбашиќ, со овој ликовен ракурс и инспиративната потрага низ нови сликарски видици создава поголем опус, кој што е срело визуелно толкување и синтетизирање на вистинските корени на сликарството, соединети во еден компактен израз со творечки импресум во прилог на еден интернационален ликовен корпус.

Делата беа изложени во период од 7 дена (од 22 до 29.12.2023 година), а ги посетија повеќе од 2.000 луѓе и публика која во тој период ги посети настаните реализитани во Центар за култура.

20. КАМЕРЕН ОРКЕСТАР НА БИТОЛА „НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ 2023"

- **НУ Центар за култура – Битола, голема сала**
- **26 декември 2023 година**
- **19:30 и 21:30 часот**

Камерниот Оркестар на Битола е основан пред неколку децении и со неколку прекини егзистира до денес кога е составен од професионални музичари кои дипломираме а некои и магистрирале на својот инструмент. Зад себе има многу успешни концерти низ државата, учество на сите реномирани фестивали за класична и популарна музика: Битфест, Скопско Лето, Охридско Лето, Штипско Културно Лето, Прилепско Културно Лето и др., но и низ балканот: Nisvile(Ниш), Rock Village (Банатски Соколац, Србија), Bascarsijske Noci(Сараево), KotorArt(Котор), Ужичко Културно Лето(Ужице), концерт во Белград во Комбанк Дворана, Cloud Festival(Ушче, Белград) пред десетилјадна публика и др. Соработка со врвни диригенти од државата и странство како: Алесандро

Д'Агостини (Италија), Анатолиј Крстев(Бугарија), Борис Спасов(Бугарија), Иван Кожухаров(Бугарија), македонските диригенти: Саша Николовски-Ѓумар, Бисера Чадловска, Сашо Татарчевски, Ле Фи Фи и др.како и светски познатите солисти: Роби Лакатош (Унгарија), Влатко Стефановски (РС.Македонија), Керем Горсев (Турција) и др.

На репертоарот на КОБ се наоѓаат дела од сите епохи – од раниот барок па се до современа класична и популарна музика. Нивните проекти: "Rock Symphony", "James Bond Symphony", "Ladies Symphony" и „John Williams Symphony" ги полнат салите низ Македонија, прифатени со огромен интерес.

Во 2023 година, овој концерт во предновогодишната магија се реализира повторно. Како организатор како секоја година и оваа се јавува НУ Центар за култура - Битола заедно со уметничкиот раководител на Камерниот оркестар на Битола, врвен музички уметник и повеќепати диригент на истоимениот оркестар, Владимир Димоски. Тој ги изработува во најголема мера и сите аранжмани на мелодиите кои секоја година се изведуваат на овој концерт.

Владимир Димовски е роден 1984 год. во Битола. Своето школување на виола го започнува во средното музичко училиште во Битола, во класата на проф. Никола Трајановски. Потоа ја продолжува својата надоградба на виола на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Фросина Балова, каде од втората година на студиите е водач на групата виоли во симфонискиот оркестар на факултетот. Пред започнувањето на студиите, 10 години е редовен член на Музичката младина на Македонија од кои последните 6 год.како водач на виоли. Исто така како водач се јавува во многу оркестри и ансамбли како: Интернационален балкански камерен оркестар во Бар – Црна Гора, Камерниот оркестар на Битола и многу други. Од 2004 год.хонорарно е ангажиран во националната установа – Македонска Опера и Балет, а од 2008 год. е вработен на неопределено време како заменик на водач.

Неговата соло кариера сочинува бројни рецитали низ Македонија, соло настапи со Македонската Филхармонија во два наврати, дуетот од Макс Брух изведен со негов колега на кларинет, заедно со оркестарот на Македонската Опера и Балет, соло настап со Камерниот оркестар на Битола, концерти во голем број со разни камерни состави. Еден од позначајните настани во неговата кариера е настапот со светскиот пијанист од Македонија – Симон Трпчески во секстетот од С.Прокофјев (Увертира на еврејски теми).

Покрај свирењето на виола, Владимир се занимава и со изработка на аранжмани, почнувајќи од најмали камерни состави па се до оркестрации за симфониски оркестри. За својот поранешен квартет "Air Strings" има направено преку 200 песни на поп-рок теми, оркестрации на црковно-византиски теми изведени од Македонската Филхармонија, македонски поп теми неодамна изведени од Македонската Опера и Балет како и светски поп-рок теми изведени од истата

институција, "Војна на Ѕвездите" за оркестар на средно училиште во Чикаго,САД, аранжмани за електро бендот "Coverland", и се разбира огромен број на аранжмани за Камерниот оркестар на Битола, во кој заедно со неговиот професор од средно на виола, се јавуваат како организатори на сите концерти. Не ретко се јавува и како диригент на своите проекти на Камерниот оркестар на Битола "Rock Symphony", "James Bond Symphony", John Williams Symphony", проекти кои стекнаа голема популарност низ Македонија, посебно проектот „Rock Symphony" со кој Камерниот оркестар настапил во Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора на познати и реномирани фестивали. Исто така диригирал и со оркестарот на Македонската Опера и Балет на концертот на поп ѕвездата од Србија – Јелена Томашевиќ.

На ден 26.12.2023 година во големата сала на НУ Центар за култура – Битола , Битолскиот камерен оркестар го реализира „Новогодишен концерт 2023".

Беше планирано концертот да се реализира од 20 часот во Голема сала на НУЦК, меѓутоа поради побарувачката на карта плус, два дена пред реализацијата, се одлучи да се изведат два концерти и тоа едниот со почеток во 19:30 часот а другиот од 21:30 часот. Салата и за двата концерти беше целосно распродадена, што значи концертите ги проследија повеќе од 1.700 луѓе/публика.

Двата дена пред реализацијата, Камерниот оркестар имаа генерални проби од 12:00 до 14:00 часот, во затоплена Голема сала на НУЦК, на сцената. Учествуваа околу 30 инструменталисти од оркестарот, надворешни соработници и солисти. Диригент беше Владимир Димовски, кој се јавува и како автор на аранжманите на песните.

Програмата и на двата концерти беше иста, составена од 14 мелодии. Дел од нив беа само инструментални, а дел беа придружувани од оперските певици Ирена Крстеска и Dymfna Meijts. Други гости на концертот беа и шест првенци и истакнати солисти при Национална Опера и Балет, а на дел од музичките дела, учествуваше и „Коруновска арс нова" - хор, составен од околу 30 членови предводен од музичкиот педагог Марина Коруновска.

Репертоарот на концертите беше составен од следните мелодии:

1. Ungarische tanze – nr.1 – 3:00
2. Fruhlingsstimmen – BALET – 5:00
3. Die chardasfurstin – IRENA - 3:30
4. Karmen Habanera – DIMFNA – 2:00
5. Hofmanovi Duet – IRENA + DIMFNA – 3:30
6. Couquest of paradise – HOR – 4:00
7. Unter donner und blitz – BALET – 3:00
8. Meine lippen – IRENA – 5:00
9. Lakme Duet – IRENA + DIMFNA – 4:30
10. Shostakovich Valtz II – 4:00

11. Rossini Duetto di due gatti – IRENA + DIMFNA – 3:00
12. An der schonen blauen donau – BALET – 10:00
13. Fredermaus Finale II – IRENA + DIMFNA + HOR – 3:00
14. BIS – Radetzky marsh – SITE NA SCENA

Секој од двата концерти беше со времетраење од околу 80 до 90 минути. Концертите ги проследија повеќе од 1.700 посетители.

21. МОНОГРАФСКИ КАТАЛОГ „40 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО НА ДРАГАН НАЈДЕНОВСКИ“ И РЕТРОСПЕКТИВНА ИЗЛОЖБА

- НУ Центар за култура – Битола, фоаје
- од 29.12.2023 до 26.01.2024 година

Драган Најденовски е роден во с.Брод, Македонија. Завршил средно техничко училиште во Битола. Член е на ДЛУБ и ДЛУМ, а од 1999 до 2004 и од 2016 до 2018 година е претседател на ДЛУБ. Драган Најденовски беше вработен како самостоен уметник преку Министерство за култура се до негово пензионирање. Иако пензионер тој сеуште се реализира со својата уметност и непрестајно твори.

Учесник е на повеќе групни изложби низ земјата и странство, меѓународни манифестации на графика како и многубројни меѓународни ликовни колонии. Добитник на повеќе награди за ликовно творештво и признанија. Во 2017 година добитник на најголемата награда која ја доделува Општина Битола, 4-ти Ноември, за уметност.

Драган Најденовски се појавува на ликовната сцена во Македонија во 80-тите години на 20 век, во време кога во уметноста се беше дозволено, време кога уметноста продираше во сите пори на општеството, време кога се бараа нови форми на изразување, релаксирање на креативната атмосфера, отворање и ширење на нови слободи. Во тоа време ликовната уметност покажува тенденција за проширување на својот делокруг на работа, па затоа во многу работни колективи се формираа ликовни секции и младински организации задолжени за ширење на културата.

Формирањето на ликовната секција на РЕК Битола во 1979 год. (од членови на работниот колектив) и организирањето на нивни бројни изложби, имаше големо значење за појавата, оформувањето и продорот на ликовното творештво на Најденовски.

Избран како најталентиран активист од Општинската младинска организација, беше испратен на Младинска работна акција во Сараево (Босна и Херцеговина) каде во 1983 год. ја отвори својата прва самостојна изложба на портрети изработени во молив. Една година покасно во Грачац (Хрватска), ја отвори и втората самостојна изложба , повторно на Младинска работна акција.

По враќањето почнува активно да се посветува на ликовниот повик следејќи го периодот на транзицијата прилагодувајќи се на времето и просторот. Бројните самостојни изложби, учеството на изложбите со ликовната секција на РЕК, на групните изложби на Друштвото на ликовните уметници на Битола (ДЛУБ), и покасно на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ), дружбата со афирмирани ликовни уметници и позитивните критики, ќе му дадат поттик целосно да се посвети на ликовниот уметнички порив. Посебно значење за неговата творечка кариера има Ликовната колонија Нижеполе -2000 каде како ликовен консултант ја менаџира целокупната организација на работата, како и изборот за претседател на ДЛУБ каде несебично ја вложува целокупната своја организаторска енергија. Тоа ќе му даде стимулативни поттикнувачки импулси во творечкиот пат, а потребата од нови изразни можности ќе ги прошири неговите креативни потреби и барања на развојниот пат пренесени од молив, пастел, маслена техника до ситопечат и дрворез. Главната тематска преокупација ја сместува во два циклуси: „Од ливадата на музите“ и „Од градината на музите“, а работи истовремено и на фигурација и на урбани мотиви. Заедничка компонента на сите дела е култивираното градење на сликата и артикулацијата на неговата лична потрага и возбуда. Визуелните целини, иако имаат различен пристап, се надополнуваат во низата асоцијативни форми проткаени со топлината на нивната универзалност.

Всушност малку е што и да се каже и напише за еден уметник, иако наш, но гледајќи го неговото творештво, слободно може да се доближи до уметници од светски размери. Неговата скромност, посветеност, знаење, умешност на платната, неговата имагинација, креативност, го довеле до овие врвни достигнувања, кои се ретки за други уметници од нашата држава. Слободно може да се каже дека тој е македонскиот Пикасо.

Неговите слики ги красат ѕидовите на многу куќи, организации, асоцијации ширум земјата и надвор од неа.

Со овој проект, делата и обемното ликовно творештво на Драган Најденовски – Најдо, во цели 40 години работно искуство, се забележани и запечатени во „Монографија за 40 години творештво на Драган Најденовски“. Со неа се надеваме дека ќе се забележи секој успех на овој уметник. Како надополнување на монографијата авторот Најденовски не удостои со ретроспективна изложба за неговото творештво, составена од избрани дела кои зборуваат за неговиот успех и големи достигнувања.

Во периодот од 29.12.2023 до 26.01.2024 година, во фоајето на НУ Центар за култура Битола се реализира ретроспективната изложба на самостојниот уметник Драган Најденовски. На 10 паноа и 10 штафелаи беа уметнички хронолошки типизирано наредени 50 дела на Драган Најденовски.

На 29.12.2023 година, со почеток во 19:30 часот, во фоајето на Центар за култура Битола, свечено беше отворена Ретроспективната изложба на Драган Најденовски. Како куратор на изложбата беше директорката на Центарот за култура Маја Андоновска Илијевски, која восхитена од магијата на разноликоста на ретроспективната изложба и монографијата на уметникот, во кратки црти ја промовираше и Монографијата на Драган Најденовски. Исто така, истакна дека се што ќе се каже во позитивна смисла за овој долгогодишен успешен уметник е премалку за неговата креативност, работа, резултати, достигнувања. Во тој контекст Маја Андоновска Илијевски на својот фејсбук профил за Драган Најденовски ќе забележи:

„Последниот настан со кој ја заокруживме годишната програма за култура за 2023 година се случи вчера вечер со ретроспективна изложба и промоција на монографија 40 години творештво на Dragan Najdenovski Драган Најденовски.Фоајето на НУ Центар за култура Битола беше исполнето со негови колеги уметници, негови роднини и пријатели , како и почитувачи на неговата работа. Навистина е голема чест што Центарот за култура од Битола се запишува како издавач на монографија во која е собран еден фасцинантен уметнички опус, на еден сериозно голем уметник во нашата земја , кој креира симболично и модерно ликовно творештво, реално и апстрактно кое изобилува со поетски лиризам, естетизам и претставува една модерна галаксија која сјае со посебни нијанси и колорит. Допрен од музите, му посакуваме уште многу изложби и инспирации.“

Втор кој зеде збор на отворањето на изложбата на Најденовски, беше и сегашниот претседател на ДЛУБ, Васко Ѓоргиев, кој меѓу другото истакна дека, Драган Најденовски како прв претседател на ДЛУБ во Битола, е единствен ликовен самостоен уметник кој живее само од уметноста, цел живот се посветил на сликарството и пренел на платно сето она што за него претставувало фантазија.

Последен кој се заблагодари на Министерството за култура, Центарот за култура, директорката Маја Андоновска Илијевски, соработникот Љупка Стефановска, како и сите останати кои му помогнале и придонеле во реализацијата, беше самиот автор на изложбата Драган Најденовски - Најдо.

За самата изложба поставена во фоајето на Центарот за култура, подготвен е и каталог од 18 страни во А4 формат. Во каталогот се приложени еден мал дел од неговите дела во текот на 40 години творење, како една кратка ретроспектива на неговата работа и уметност. Издавач на каталогот е НУ Центар за култура - Битола, директор Маја Андоновска Илијевски, текстот во него го пишува историчарот на уметност Лиљана Христова, а превод на англиски прави Јулија Ивановска. Текстот во каталогот го лекторира Снежана Михајлова, додека дизајнот го уредува Синоличка Талевска. Соработници при реализацијата се

Љупка Стефановска и Мила Најденовска, а печатењето е во „Ројал Арт" Скопје и тоа во 100 примероци.

На отворањето на изложбата беше промовиран и Монографскиот каталог на Најденовски, кој е одраз на неговото 40-годишно континуирано творештво. Монографијата содржи повеќе од 200 дела кои се ретроспективно наредени со една хронологија и уметност. Тоа е само еден дел од богатото творештво на авторот. Делата се поделени на 6 дела кои имаат свое значење и се целосно различни еден од друг, односно прикажуваат одредени периоди на посветеност на авторот: СЛИКАРСТВО, ФИГУРАЦИЈА, УРБАНИ МОТИВИ, ГРАФИКА, ОД ГРАДИНАТА НА МУЗИТЕ, ОД ЛИВАДАТА НА МУЗИТЕ. Монографскиот каталог е изработен во еден учебник за многу генерации уметници, од точно 206 страни мрсна хартија во А5 формат и тврд повез на кориците. Издавач на каталогот е НУ Центар за култspa - Битола, директор Маја Андоновска Илијевски, тектот во него го пишува историчарот на уметност Лиљана Христова, а превод на англиски прави Јулија Ивановска. Текстот во каталогот го лекторира Снежана Михајлова, додека дизајнот го уредува Синоличка Талевска. Соработници при реализацијата се Љупка Стефановска и Мила Најденовска, а печатењето е во „Ројал Арт" Скопје и тоа во 100 примероци.

Битолскиот писател Панде Манојлов во април 2020 година за Музите на Најденовски напишал:

МУЗИТЕ НА Д. НАЈДЕНОВСКИ

Се слуша нешто вон!
Се слуша тивок звон!
А платно гледаш, слика!
И убавина што блика...
Надошла бистра река.
Во срцето што пека!
И една муза од ливада,
муза, убава и млада...
Треба со бои да се слика!
На платно, заносна лика!
Патем, ништо, тој ќе рече!
В душа сал болката пече.

На отворањето на *ретроспективната изложба - 40 години творештво,* како и за време на промоцијата на *Монографскиот каталог*, во фоајето на НУ Центар за култура Битола присуствуваа повеќе од 80 посетители, стручни лица, уметници, гости и љубители на уметноста.

За целото време на поставеност на изложбата, 26 дена, ја посетија околу 3.000 луѓе, публика која доаѓаше на кино проекции во Големата сала на Центарот.

Збирен преглед на посетители во делот
Манифестации во продукција на НУ Центар за култура – Битола

РБ	тип на манифестации	бр. настани	Посе-тители
1.	Концерт на Камерниот оркестар на Битола „Засекогаш во срцата“	2	1.680
2.	Музичко – поетска вечер со Иван Босиљчиќ „Наша вечер“	1	850
3.	Изложбата под наслов „Битолски евреи – борци против фашизмот за слобода од НОАВМ 1941 – 1945“	1	1.000
4.	24-ти по ред на Интернационален фестивал на монодрама – Битола 2023	14	3.000
5.	48-ма Државна изложба на детски ликовни творби на тема „Народната култура како трајна инспирација во моето творештво“	1	2.500
6.	Детска балетската претстава „Пепелашка“, во изведба на Националната Опера и Балет – Скопје	1	700
7.	Концерт на „Коло“ од Србија и „Танец“ од РС Македонија	1	800
8.	Второто издание на Интернационалниот Етнографски Филмски Фестивал ИЕФФ „Илинденски денови“	21	800
9.	Изложба на етнографски фотографии од фондот на браќата Манаќи,: „Лица и места – Faces and Places“-	1	1.000
10.	Деветта по ред Детска ликовна работилница на тема „Народната култура - трајна инспирација“ Изложба на дела од Деветта по ред Детска ликовна работилница	1 1	89 800
11.	15-ти Семинар за традиционална музика и игра Битола	1	37
12.	Промоцијата на носачот на звук –компакт диск (ЦД) „Гласот на вечната љубов“ од Стојан Трајковски	1	110
13.	53-то издание на Републички фестивал на народни песни и игри „Илинденски денови“ Битола	60	31.000
14.	Концертот со наслов „Вечер со Крсте Роџевски“	1	450
15.	Битолски дувачки оркестар “Концерт на филмска музика“	1	700
16.	Изложба на Христијан Томаноски „Фузија“	1	1.000
17.	15-ти по ред „Фестивал на музика од светот – Битола	7	2.870
18.	Концертот „Tales from the box“	1	450
19.	Изложба на Стефан Малбашиќ „Сонувајќи ја природата“	1	2.000
20.	Новогодишен концерт насловен како „Виена во Битола“	2	1.700
21.	Монографски каталог „40 години творештво на Драган Најденовски и ретроспективна изложба	1	3.000
	ВКУПНО	**122**	**56.536**

IV. КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КИНОПРИКАЖУВАЧКА И ФИЛМСКА ДЕЈНОСТ НА НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА БИТОЛА ЗА 2023 ГОДИНА

НУ Центар за култура Битола располага со две сали кои се опремени за кино проекции„„Голема сала“ со капацитет за 847 посетители и „Мала сала“ со капацитет за 107 посетители.

Благодарение на филмскиот проектор BARCO DP2K-23B, со кој е опремена големата сала, НУ Центар за култура Битола има можност да ги прикажува сите најнови филмски наслови.

Малата сала не располага со ДЦП опрема за прикажување на филмови. Новите филмски наслови не се достапни на блу-реј технологија, што го отежнува планирањето и распределбата на филмови, како и зголемувањето на приходот од влезници.

Вкупниот број на посетители на 400 реализирани филмски проекции за периодот од 09.01. до 27.12.2023 год. е 33.485 (од редовен репертоар и другите организирани активности).

РЕДОВЕН РЕПЕРТОАР

Од 09.01.2022 до 27.12.2023 година во редовниот репертоар биле прикажни 103 филмовии имало 23179 посетители.

Во прилог е листа на насловите кои биле прикажани во редовен репертоар:

1 Аватар: Патот на водата
2 Сакам да танцувам со некој
3 Мачорот во чизми: Последна желба
4 Операција Фортун : Измама на векот
5 М3 ган
6 Лил Лил Крокодил
7 Макс и бесната дружина
8 Вавилон
9 Неверојатниот Морис
10 Фејбелменови
11 Астерикс и Обелиск: Средното кралство
12 Кит

13 Човекот викан Ото
14 Титаник
15 Сечи
16 Тера Вили
17 Најдобриот роденден досега
18 Ентмен и Осата: Кватоманија
19 Магичниот Мајк: Последен танц
20 Шампиони
21 Роден лажго
22 Топган: Маверик
23 Се во исто време
24 Црниот пантер 2 : ваканда засекогаш
25 Аватар: Патот на водата
26 Магнетна резонанца
27 Вресок 6
28 Шазам! Бес на боговите
29 Семи, Џо и јас
30 Баш Супер
31 Џон Вик 4
32 Злосторството е мое
33 Фараонот, дивјакот и принцезата
34 Зандани и змејови: чест меѓу крадците
35 КРИД 3
36 Супер Марио
37 Некои легенди се создадени за лет
38 Егзорцизмот на папата
39 Нова играчка
40 Индиго кристал
41 Ренфилд
42 Најсреќниот човек на светот
43 Атлас
44 Evil Dead Rise
45 Најсреќниот човек на светот

46 Чувари на галаксијата 3

47 Брзи и бесни 10

48 Биби и Боби пролетна магија

49 Нешто слатко

50 Медена земја

51 Човек-пајак: ширум пајак-вселената

52 Бугимен

53 Малата сирена

54 Трансформери: подем на sверовите

55 Флеш

56 Индијана Џонс и артефактот на судбината

57 Невозможна мисија: одмазда прв дел

58 Барби

59 Опенхајмер

60 Елементи

61 Мавка

62 Сината бубачка

63 Звукот на слободата

64 Израмнувачот 3

65 Нинџа-желки: Мутантски хаос

66 Мојата дебела грчка свадба 3

67 Јас и Миа:херојот на сентопија

68 Калуѓерка 2

69 Грантуризмо

70 Платеници 4

71 Мајка и син

72 Сложувалка на стравот X

73 Патролни шепи Моќенфилм

74 Истерувач на ѓаволот Верник

75 М

76 Едно убаво утро

77 Убијци на цветната месечина

78 Филм 3211

79 Тедуа, жими мене

80 Тролови 3

81 Молњи! Пак

82 Пет ноќи кај Фреди

83 Марвелите

84 Нова играчка

85 Татина

86 Инспектор сонце и клетвата на црната вдовица

87 Кино љубов

88 Игрите на гладните: балада за песнопојки и змии

89 Чувари на формулата

90 Наполеон

91 Засекогаш млади

92 Ноќта на 12 Октомври

93 Маша и медо – уште позабавно

94 Желба

95 Црн петок

96 Тивка ноќ

97 Некрстени денови

98 Вонка

99 Птици преселници

100 Аквамен и изгубеното кралство

101 Сечи!

102 Биби и Боби

103 Човек по твоја мерка

ФИЛМСКА РЕВИЈА „ОСКАРИ 2023“

Центарот за култура Битола, секоја година организира филмска ревија на филмовите номинирани за Оскар, непосредно пред доделувањето на наградите.

Оваа филмска ревија е широко прифатена од публиката, така што се одржува секоја година.

ПРОЕКЦИИ ВО СОРАБОТКА СО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ ПРИ УКЛО

Оваа година е отпочната соработка со Студентско собрание при УКЛО, со цел промоција на европски и македонски филмови преку бесплатни проекции за студентите на Универзитет „Св. Климент Охридски".

На 16.02.2023 во соработка со Студентското собрание на УКЛО, беше одржана бесплатна проекција на реномираниот шпански филм „Шампиони", во соработка со Амбасадата на Кралството Шпанија.

На 11.04.2023 год. се одржа втората проекција за студентите на УКЛО. Студентите имаа можност да го погледнат македонскиот филм „Исцелител" на режисерот Ѓорче Ставрески.

Соработката со Студентското собрание продолжува, и очекуваме дека од истата ќе произлезат бројни културни содржини за сите студенти.

МАСТЕРКЛАС НА РАЏШРИ ДЕШПАНДЕ

Мастеркласот „Раскажување на приказни преку филм" на индиската актерка Раџшри Дешпанде чија серија Trial by fire пред неколку месеци беше број 1 на Нетфликс во Индија, се одржа на 24 април, во 11:30 часот во Центарот за култура Битола, во малата сала.

Настанот е организиран во соработка со Меѓународен Славјански Универзитет и Киноверзум.

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ „ПРЕЕКСПОНИРАНО"

Премиера на македонскиот филм „Преекспонирано" се одржа на 03.05.2023 во 20:00 ч. Филмот е во режија на Елеонора Венинова, а продуцент е Гоце Кралевски. Актери: Камка Тоциновска, Благој Веселинов, Сара Климоска, Марјан Наумов. Светскатапремиеранафилмот „Преекспонирано" се случи на А фестивал во официјална конкуренција на Меѓународниот филмски фестивал во Каиро, кој се одржа од 13 до 22 ноември, минататагодина. Азиската премиера, пак, се одржа на Меѓународниот филмски фестивал во Пуне, Индија од 2 до 9 февруари оваа година. Филмот се прикажа и на филмскиот фестивал Еуразја во Варшава, Полска и „КинЕстФест" во Катанија, Сицилија.

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ „JAHSA"

Во сабота на 06.05.2023 г. со почеток во 20:00 ч. во големата сала, се одржа битолската премиера на филмот „Jahsa" - првиот долгометражен документарен филм за Блаже Конески.

Режисер и сценарист на филмот е Никола Т. Калајџиски. Монтажата е на Аристид Филактов, додека композитор на музиката е Златан Миливоевиќ, а дизајнер на звук е Дарко Спасовски. Како директори на фотографија се јавуваат Дејан Димески и Петар Кочишки.

Филмот „Jahsa" е подготвуван и сниман во период од три години и го следи животот и делото на професорот, академик, поет и еден од кодификаторите на македонскиот литературен јазик, Блаже Конески.

Премиерата на филмот „Jahsa" беше организирана во соработка со Министерството за култура на Р.С.М.

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ „НЕШТО СЛАТКО“

На 27.05.2023 г.со почеток во 20:00 ч. премиерно беше прикажана романтичната комедија „Нешто слатко“ во која главните улоги ги толкуваат Јелена Јованова - Перић и Сашко Коцев.

Филмот е во режија на стенд-ап комичарот Тин Водопивец, Јелена Јованова ја толкува главната женска улога – Каја, а Сашко Коцев, се потпишува и како копродуцент и косценарист заедно со Уршка Мајдич.

Во филмот покрај Коцев и Јованова играат и Ула Фурлан, Ориана Џирото и Ранко Бабиќ.

ИФФК „БРАЌА МАНАКИ“
ОФИЦИЈАЛНА ПРОГРАМА ВО ГОЛЕМА САЛА

Филмовите од официјалната селекција на фестивалот беа прикажувани во Големата сала во три термини- 17:00 ч, 19:00 ч. и 21:00 ч.

Пред секој долгометражен филм имаше проекција на краток филм, при што картите важеа за двете проекции во одредениот термин.

На 23.09.2023 г. во 21:00 ч. се реализира свеченото отворање на фестивалот, со македонскиот филм „Домаќинство за почетници“ во режија на Горан Столевски. За оваа проекција картите беа доделени по протокол, и немаше карти во продажба. Беше пополнет вкупниот капацитет на салата, односно имаше 847 посетители.

Во периодот од 24.09.2023 до 29.09.2023 г. во Големата сала беа реализирани 15 проекции на долгометражни и 17 проекции на краткометражни филмови.

На 29.09.2023 год. во 21:00 ч. беше реализирано свеченото затворање на фестивалот, со проекција на македонскиот филм „Лена и Владимир“, во режија на Игор Алексов. За оваа проекција вкупната посетеност изнесуваше 806.

Во 2023 година проекциите на ИФФК „Браќа Манки“ во Голема сала имаа 7.028 посетители.

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ „М“

Во четврток на 12.10.2023 год.со почеток во 20.00 ч. во НУ Центар за култура Битола, вториот долгометражен филм на режисерот Вардан Тозија „М“ ќе има своја премиера пред битолската публика.

На премиерата ќе присуствува дел од екипата на филмот.

“М“ е фантастична бајка за осамено, осумгодишно момче Марко, кое е во потрага по љубов низ мрачниот, дистописки свет на нашата блиска иднина.

Режија: Вардан Тозија

Сценарио: Вардан Тозија, Даријан Пејовски

Актерска екипа: Сашко Коцев, Матеј Сиваков, Александар Ничовски, Камка Тоциновски, Бојана Грегорић-Вејзовиќ, Тони Михаловски, Оливер Митковски, Верица Недеска, Владимир Тулев, Жаклина Петровска, Благој Веселинов, Борис Дамовски, Јасмина Билаловиќ, Михајло Миленковски.

ФЕСТИВАЛ „МАЛА ШКОЛА НА КРАТОК ФИЛМ“

Трето издание на Фестивалот на Малата Школа на Краткиот филм во Битола. Фестивалот на Малата Школа на Краткиот филм е филмски фестивал наменет за учениците од основните училишта и е дел од акциите за едукацијата на сликата (филмска писменост) и откривањето на кинематографската уметност што ги спроведува француското здружението Aj Aj BO/ Меѓународниот филмски фестивал Нанси, во текот на целата година.

Во Франција, годинава се одржува 19-то издание на „Le Festival de la Petite école du film court“, додека во Битола ќе го има своето трето издание. Овој настан е покана за откривање на оригинални филмови. Забавни и во исто време со едукативна функција, проекциите се проследени со размени со учениците за да ги поттикнат да зборуваат, да им овозможат да ги изразат своите чувства, емоции, да ги поттикнат да направат чекор назад од сликата воопшто, да го развиваат своето критичко размислување, истовремено подигајќи ја нивната свест за кинематографската уметност.

Програмирани се кратки филмови, прилагодени на возраста на учениците, разновидни по нивните форми (анимирани филмови, фикција, документарци, експериментални), обработените теми и нивното географско потекло и секогаш во оригинална верзија, титлувани на Македонски јазик Времетраењето на и дискусиите по проекциите, водени од директорката на Фестивалот Бландин Брунхес-Гламчевски, е прилагодено на возраста на публиката.

На младите им се нудат филмски дела кои ретко се емитуваат надвор од професионалните фестивалски кругови. За Битола се предвидени три програми за ученици на возраст од 9 д 11 години и за ученици на возраст од 11 до 14 години.

За прв пат годинава, на средношколската публика ќе и бидат претставени и кратките филмови, избрани и наградени од нивните врсници од Нанси за време на 29-то издание на Меѓународниот филмски фестивал во Нанси, со кој претседава од 2013 година македонскиот новинар Тони Гламчевски. Фестивалот од Нанси со својата делокализација во Битола промовира ширење на кинематографската уметност и пристап до културата за сите. Мисија која е блиску до срцето на целиот наставен тим на La Petite École du Film Court.

Посетеност:

- 30 октомври во 09:00 часот:Новаци (основно училиште / 9-11 години), 25 деца.
- 30 октомври во 18 часот:семејна проекција -отворање–Центар за култура, Битола / 60 учесници
- 31 октомври во 9 часот: основно училиште во Бач (11-14 години),/ 14 ученици
- 1 ноември, 12:00 –14:00 часот:Средношколска сесија / Центар за култура, Битола / 100 учесници
- 2 ноември, 12:00 –13:30 часот:Училишна сесија (9-11 години) / Центар за култура, Битола / 120 учесници
- 3 ноември, 12:00 –13:30 часот:Средношколска сесија (11-14 години) / Центар за култура, Битола / 120 учесници

- 3 ноември 13:30 -14:30 членовите на новинарската секција од 8 одделение на ООУ „Стив Наумов“ .

ПРЕМИЕРА НА ФИЛМОТ „ТЕ ДУА, ЖИМИ МЕНЕ“

„TeDua, жими мене“ е независен филм работен во 2019 година и бргу по својата премиера го зазеде местото на најгледан Македонскифилм. Во 3Д Кино Битола својата премиера ја имашена 02.11.2023 год. во 20:00 ч.

Станува збор за комедија која граничи со сатира и раскажува приказна за тројца другари кои стануваат дел од криумчарење на дрога трудејќи се да ја вратат купената жена од Албанија назад. Филмот е во режија на Марјан Гавриловски, а сценариото го потпишува Никола Кузелов. Позади оригиналната музика стои ВалентинВидовиќ, а зад камерата Александар Карпузовски.

Комедијата „TeDua, жими мене“ ја доби награда за најдобар игран филм на фестивалот „Sound Screen“ во Равена, Италија. Ова е второ меѓународно признание откако летово доби награда од публиката на Филмски фестивал во Тирана, Албанија.

Социјалната комедија обработува плејада тематики, од лажна љубов преку пријателство, религија, феминизам, криминал, па сé до вистинска љубов. Филмот на површина го извлекува заедничкото, човечката емоција.

Главните ликови ги толкуваат: Никола Кузелов, Атанас Атанасовски, Ангела Стојановска и Валентин Видовиќ, а играат и: Тони Михајловски, ИгорЏамбазов, Сенко Велинов, Мими Таневска, Владо Јовановски, Фирдаус Неби, Рујиш Беговска, Мирсад Абази, Талија Настова, Елдин Широки, Исмаил Касуми, Надица Петрова, Сара Спиркоска, Ангела Димитрова и ФлакронАлиу.

НЕДЕЛА НА ЈАПОНСКИ ФИЛМ

На 09.11.2023 и 10.11.2023 год. со почеток во 20:00 ч. во малата сала на НУ Центар за култура беа одржани проекции во рамките на „Недела на јапонски филм“. Филмската ревија во Битола ја отвори Амбасадорот на Јапонија Н.Е. Оцука Казуја.

Во рамките на Неделата на јапонски филм во Центар за култура Битола беа прикажани филмовите Барем љубов и Долгото збогување.

09.11.2023 (четврток), 20:00, мала сала, влез слободен.

БАРЕМ ЉУБОВ (Ikiterudakede Ai/ Love at Least)
Игран филм, Јапонија
2018, 109 мин., колор, ДЦП
Режија: Косаи Секине (Kosai Sekine)
Сценарио: Јукико Мотоја, Косаи Секине (Yukiko Motoya, Kosai Sekine)
Улоги: Шури, Масаки Суда, Рииса Нака (Shuri, Masaki Suda, Riisa Naka)
Сите имаме денови кога дури и станувањето од кревет ни е тешко. Но, за Јасуко, секој ден е предизвик. Таа има Хикикомори синдром (екстремен облик на социјална фобија од која страдаат милиони млади Јапонци) проследен со хиперсомнија. Поради нејзината ментална состојба, едноставните работи како секојдневните домашните обврски и одењето на работа изгледаат невозможни. Таа живее со нејзиното момче Цунаги, кој

работи во редакција во едно списание. Нејзината фрустрација расте, бидејќи таа не може да ги контролира емоциите а нејзиното момче Цунаги делува рамнодушно кон неа. Еден ден се појавува поранешната девојка на Цунаги, Андо која има намера да ја раскине врската на Јасуко.

10.11.2023 (петок), 20:00, мала сала, влез слободен.

ДОЛГОТО ЗБОГУВАЊЕ (Nagai owakare/A Long Goodbye)
Игран филм, Јапонија
2018, 109 мин., колор, ДЦП
Режија: Рјота Накано (Ryota Nakano)
Сценарио: Рјота Накано, Тошиа Оно (Ryota Nakano, Toshiya Ono)
Ју Аои, Јуко Такеучи, Чиеко Мацубара, Цутому Јамазаки (Yu Aoi, Yuko Takeuchi, Chieko Matsubara, Tsutomu Yamazaki)
Седумдесетгодишен пензиониран директор на училиште го известува своето семејство (сопругата и двете ќерки) дека има Алцхајмерова болест. Трите се загрижени и секоја различно реагира на новонастанатата ситуација додека неговата болест напредува.
На ревијата на јапонски филмови имаше 135 посетители.

ЕВРОПСКА КИНО НОЌ 2023

Прослава на европската филмска култура во битолското 3D кино

Центарот за култура во Битола беше домаќин на престижната European Cinema Night, одбележувајќи значајна пресвртница како единствено македонско кино меѓу 85-те кино сали избрани ширум Европа. Овој настан, дел од прославата на европската филмска култура ширум континентот, го прикажа францускиот филм „Злосторството е мое“, на извонредниот режисер Франсоа Озон, по чија проекција следеше панел-дискусија која предизвика мноштво дискусии и размислувања поттикната од филмот.

Филмот е комедија-драма, лоцирана во 30-тите години на 20 век, а ги истражува темите на правдата, личниот морал и сложеноста на човечките односи во кои жената е центар на анализа. Изборот, токму овој филм да биде прикажан на Европската кино ноќ во Битола, ја одразува потребата да се зборува за современите општествени прашања, преку паралела со минатото.

На отворањето на вечерта, Маја Андоновска Илијевски-директорка на Центарот за култура од Битола, ја истакна важноста на ваквите настани за поттикнување на подлабоко разбирање и вреднување на европската кинематографија. Таа изјави: „Вечерва не е само прослава на филмот, туку мост што поврзува различни култури, идеи и перспективи преку универзалниот јазик на кинематографијата“.

Маја Мариќ од Креативна Европа ја истакна улогата на киното во рефлексијата на општествените прашања и зближувањето на луѓето. „Преку филмот споделуваме приказни кои резонираат со нашите животи, ги предизвикуваат нашите перцепции и не обединуваат во нашите заеднички човечки искуства“, додаде Мариќ.

Проекцијата на филмот беше проследена со панел дискусија, водена од Љубица Ангелкова. А гостуваа Марија Апчевска - филмска режисерка, Билјана

Крајчевска - драматург, Билјана Атанасовска - психолог и Маја Андоновска Илијевски - актерка.

Како одговор на прашањето за улогата и влијанието на жената во филмот, филмската режисерка Марија Апчевска, истакна: „Жените и пред и зад камерата имаат клучна улога во обликувањето на наративите. Нашите перспективи ги предизвикуваат и ги прошируваат општествените ставови за прашања како насилството и семејните вредности. Филмовите што ги создаваме или во кои глумиме имаат моќ да ги преиспитуваат и редефинираат општествените норми".

Билјана Крајчевска додаде, дека ваквите дискусии длабоко резонираат со тековниот дијалог за улогите на жените кои се развиваат и во киното и во театарот и во општеството. „Тоа е приказна што не принудува да размислуваме и да дејствуваме. Филмот и театарот треба секогаш маестрално го користи раскажувањето за детално да ги испита и предизвика родовите и моќните динамики. Историскиот контекст во филмовите е клучен, особено кога се однесува на современите прашања, бидејќи обезбедува подлабоко разбирање и референтна рамка за публиката"„ - истакна таа.

Билјана Атанасовска ги коментираше психолошките аспекти, истакнувајќи: „Киното, како и овој филм нудат уникатен објектив за гледање и разбирање на нашата општествена динамика. Киното длабоко влијае на тоа како ја перципираме и разбираме траумата и општественото насилство. Филмовите можат да играат клучна улога во обликувањето на ставовите, особено кај младите луѓе, кон овие сложени прашања", рече таа.

Актерката Маја Андоновска Илијевски со социјален коментар зборуваше за нејзиниот пристап кон улогите. „Во улогите, мојата цел е да ги рефлектирам нијансите на женските искуства. Приказот на жените во театар и на филмското платно е моќна алатка која ги обликува перцепциите на публиката за женските улоги и предизвици во општеството", изјави таа. За аспектот на зајакнување, Илијевски додаде: „Силните и сложени женски ликови во филмовите не само што ги предизвикуваат стереотипите, туку и значително придонесуваат за зајакнување на жените во реалниот живот".

Настанот заврши со афтер-журка на која настапи познатиот битолски музички бенд Фолтин, познат по нивната музичка естетика која се има најдено и на филмските платна. Нивниот настап додаде славеничка нота на вечерта, истакнувајќи го пресекот на киното и музиката во културниот израз.

Европската кинематска ноќ 2023 година во Битола беше дел од поголема иницијатива на Creative Europe MEDIA и мрежата Europa Cinemas. Оваа иницијатива, Европска кино ноќ– под слоганот Да ги споделиме приказните кои ги сакаме", има за цел да ја доближи Европа до нејзините граѓани преку славење на богатството и различноста на европската филмска култура. Овогодинешното издание имаше 85 кина ширум континентот кои ја ангажираа публиката со бесплатни проекции, филмови погодни за семејството и класици кои ги поврзуваат граѓаните со нашето заедничко филмско наследство.

На проекцијата имаше 370 посетители.

V. МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ, ПОЕДИНЦИ, ЗДРУЖЕНИЈА И ИНСТУТУЦИИ ВО СОРАБОТКА СО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА

Сценските простори на Центарот за култура – Битола се отворени за проекти, манифестации, концерти, претстави и други проекти од различни жанрови и дејности во организација на други институции, организации, здруженија, поединци и уметници од РС Македонија и странство. Дел од тие манифестации беа од комерцијален, а дел од непрофитен карактер. Најголемиот дел од манифестациите од непрофитен карактер се реализирани во соработка со НУ Центар за култура – Битола.

Согласно Летописната книга во 2023 година се реализираа:

Р.б.	ТИП НА МАНИФЕСТАЦИЈА	Вкупно настани	Посетители
1.	Концерти со народна музика и фолклор	5	3.650
2.	Концерти – музичко сценски манифестации	25	14.965
3.	Изложби	8	5.160
4.	Театарски претстави, стенд-ап, мјузикли и сл.	37	7.134
5.	Трибини, едукативни активности и други манифестации	19	4.050
6.	Промоции на книги, саеми на книга	5	350
7.	Приредби и патронати на училишта	9	4.617
8.	Проекции на филмови од други субјекти	15	577
	ВКУПНО	**123**	**40.503**

Согласно наведените податоци во НУ Центар за култура – Битола во 2023 година се реализираа вкупно 123 поединечни проекти (концерти, претстави, манифестации и сл.) во организација на други субјекти, поединци, здруженија на граѓани и институции во соработка со НУ Центар за култура – Битола, кои ги посетиле околу 40.503 посетители.

VI. ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА БРОЈ НА НАСТАНИ И ПОСЕТИТЕЛИ НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ ВО НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА – БИТОЛА ВО 2023

рб	опис	Број на настани, проекции	посетители
1.	Фестивали, манифестации, концерти во продукција и организација на НУ Центар за култура – Битола	122	56.536
2.	Киноприкажувачка и филмска дејност на НУ Центар за култура – Битола	400	33.485
3.	Манифестации и проекти во организација на други субјекти во соработка со НУ Центар за култура - Битола	123	40.503
	ВКУПНО	**645**	**130.524**

Врз основа на статистичките податоци во текот на 2023 година се реализирале 645 настани (филмови, концерти, претстави, приредби и слично) во просек по 1,767 настани - манифестации дневно.

Настаните ги проследиле 130.524 посетители.

ВС / ЉС / МХКМ / ЉКП / ЗД /

НУ Центар за култура – Битола
Директор
Маја Андоновска Илијевски